СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од првото продолжение на 38-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 мај 1992 година

Скопје, мај 1992 година

ДИСКУТАНТИ ОД ПРВОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 38-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 15.5.1992 ГОДИНА

1.СТОЈАН АНДОВ
2.АЛИУ ЕШРЕФ
3.АЈДАРАГА ГАЗМЕНД
4.АЛИУ ХАМИД
5.АЛИТИ АБДИРАХМАН
6.ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР
7.ДИМОВ ТОДОР
8.ДИМОВА ДОСТА
9.ЗАФИРОВСКИ ЈОРДАН
10.ЗИБЕРИ НАСЕР
11.ИВАНОВ ЉУБИСАВ
12.ЈОВАНОВ РИСТО
13.КОТЕВСКИ ЃОРЃИ
14.КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ
15.КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН
16.КЕЛЕШОВ РИСТО
17.КРСТЕВСКИ ЗОРАН
18.КОЛЕВСКИ ПЕРКО
19.МАНЧЕВСКИ ЈОВАН
20.МИЦЕВСКИ ТРАЈАН
21.МУРАТИ ЏЕЛАДИН
22.НИКОЛОВ ЈОВАН
23.ПЕТРОВ ТОДОР
24.ПРЕВАЛА ШАБАН
25.РАМАДАНИ ИСМЕТ
26.САДИКУ ФЕРИД
27.СИМЈАНОВСКИ НАУМ
28.СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ
29.СТОЈКОВ СТОИЛЕ
30.СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН
31.ТРПЧЕВСКИ ДУШАН
32.ХАЛИЛИ МУХАМЕД
33.ХАРУНИ СЕЈФЕДИН
34.ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР
35.ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР
36.ФАЗЛИУ АГИМ
37.ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ
38.ЏАФЕРИ НАЏАДИН
39.ЏАМАИЛИ БЕБИ
40.ШАКИРИ ХИСНИ

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од првото продолжение на 38-та седница
на Собранието на Република Македонија,
одржана на 15 мај 1992 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Ре-публика Македонија, со почеток во 10,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:** Продолжуваме со работа.

Пратениците Душко Горѓески, Петре Трајковски, Симеон Ивановски, Димитар Димитровски, Никола Апостолоски, Флоре Масалковски, Драги Гроздановски, Душко Арсовски, Борко Ѓорчески, Панче Насев, Димитар Поповски и Наиф Мустафа ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницава.

Констатирам дека на седницава присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со расправа, таму каде што запревме.

За збор се јави господин Јован Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувани колеги, мислам дека на минатата седннца доста се дискутираше во врска со Информацијата, исто така и проблемите набележани во неа.

Сакам да дадам осврт, колку е можно, во разрешувањето на овој проблем. Факт е дека за ваквата состојба во здравството стои неизвршување на обврските од една страна на Владата, што значи буџет, а од друга страна и обврските на осигурениците кои плаќаат здравство преку стапката на придонесот.

Во врска со разграничување на овие две ставки, што е тоа буџет, а што е тоа Фонд односно средства што се прибираат за здравствена заштита, треба да видиме што се треба да финансира буџетот.

Обврска на државата е, при едно национално здравство, да ги преземе обврските од превентивниот дел на здравствената заштита. Во тој дел спаѓаат борбата против заразните болести, имунизацијата, систематските прегледи, Програмата за популационата политика, Програмата за намалување смртноста на доенчињата, борба против сидата, здравственото просветување па и дел на крводарителството каде за испитување на крвта, за испитување на HBS и HIV односно заради контагибилност со хепатитот и сидата се издвојуваат огромни

средства само на тестовите за тестирање на крвта. И тоа треба да биде во превентивниот дел на здравствената заштита за што средства треба да обезбеди буџетот.

За зоонозите исто така, ние даваме сега огромни средства од буџетот, до Фондот за лекување на болни од бруцелози. Тоа е превентивен дел на здравствената заштита. Прво, тао што е закажано во превентивната односно тоа што е закажано во ветеринарната служба и она што е закажано во здравственото просветување, наоѓа одраз врз зголемената потрошувачка токму од здравствениот динар што се акумулира во Фондот. Ова е исто така обврска на буџетот. Па и трхинозата,ако сакате. И таа е една зооноза која што кај нас сеуште, за жал, заради можеби тоа ниско ниво на здравствена култура, заради недоволно здравствено просветување сеуште постои иако во светот е искоренета. Кај нас постои и претставува еден голем материјален трошок токму од Буџетот односно од Фондот во кој се прибираат средства преку стапката за осигурување.

Од друга страна, она што треба да се обезбеди од Фондот, односно она што се плаќа како придонес за здравствено осигурување во Фондот ние не можеме да имаме здравство ако во Фондот по еден осигуреник обезбедуваме само 3 долари месечно, што значи 30 долари годишно. Тоа се средства што навистина не можат да ги задоволат потребите за здравството.

Фондот мораме да го сфатиме ако дел на осигуреникот, не како дел на здравството. Затоа што Фондот го создаваат тие кои ги трошат парите. Фондот мора да го создаде осигуреникот преку стапката што ја плаќаат. Ако оваа стапка на придонес не е доволна, тогаш осигуреникот треба или да ги ограничи правата во здравственото осигурување, или пак да го зголеми процентот на придонесот за здравствено осигурување или пак самиот да партиципира во здравствените услуги. Не може здравствените работници да прибираат средства и да пружаат здравствена заштита. Тоа е апсурд. Задача на прибирање на средствата е на осигурениците. Тие мора да водат сметка за тоа што треба да се собере преку Фондот, а и понатаму низ своите права во здравственото осигурување ги трошат тие пари.

Аналогно на тоа треба во здравството да се воведе и цена на услугата на здравствениот работник. Односно, да се мери трудот на здравствениот работник низ квалитет и обемот на пружањето на здравствената заштита. Мора и тоа да се разграничи. Осигуреникот, Фондот, Советот на Фондот каде мора да се акумулираат средства и мора да води сметка за овие средства, да биде како договарач помеѓу тие што ја вршат здравствената услуга и тие што обезбедуваат средства за здравствена заштита. Нормално и Фондот и Владата преку предложените мерки мора да ги задолжи сите министерства односно нивните подрачни министерства да учестуваат извршувањето на законските процеси во прибирањето на продонесот за здравството.

Низ анализата се гледа дека се избегнува придонесот за здравствено осигурување. Нормално, во склопот на тоа треба да се

осврнеме и на една аналитичка проценка,една солидна анализа која ќе даде јасни показатели каде се троши тој здравствен динар и зошто се троши? Дали наменски истиот се троши. Во тој склоп Фондот треба да ја земе таа задача односно Советот Фондот да направи една аналитичка процена за да имаме една појасна слика за овие состојби што денеска ги дискутираме.

Во склопот на тоа, треба да видиме каде се наоѓа, во одделот на здравствената заштита, работните организации вршат производство и промет на лекови. Тие не можат исклучени од системот на здравствената заштита. Ако, ние неконтролирано пуштиме и неконтролираме каква е цената на лековите и другиот санитетски материјал, колку се зголемува таа цена и колку го зголемува трошокот на лекувањето кога оди на пазарот и во аптеките и понатаму, тогаш исто така ќе се зголеми овој троошок без да имаме контрола. Таа контрола мора да се воспостави. Ако ние низ ситемот и низ мерките што се предлагаат бараме да се ослободи од царина супстанцата што се увезува за производство на лекови, исто така бараме да се ослободи од царина увозот на лекови, тогаш да видиме колку тој торшок ќе го намали, односно колку ќе се намали трошкот за здравственото осигурување односно здравствената заштита.

Мораме да направиме една поширока контрола и денеска, во услови на мешовито здравство, можеби не е така но јас можам со сигурност не да тврдам, но да кажам дека може да се прават манипулации со препродажба на лекови. Тоа што е помеѓу приватните аптеки, државните аптеки, на рецепт да се издаде и добие лек кој може после приватно да се продаде, да се зголеми тој трошок материјален во лекарството. Таа контрола е задолжителна. Тоа Владата треба да го земе како задача. Мора да се воведе таа контрола.

Низ Буџетот, низ Фондот мора да се обезбедат барем минимум средства од националниот доход за здравствена заштита кои средства не смеат да бидат пониски до Прокламацијата за средствата за здравствена заштита, односно Прокламацијата на Светската здравствена организација која кажала дека ниту една земја не може да има здравство ако нема барем 6% учество од националниот доход во здравството. Развиениот свет има стапка од националниот доход во здравството 11,5%. Кај нас е некаде под 4%. Со такво учество од националниот доход не можеме да обезбедуваме здравство. Тоа се сепак мерки за кои треба да се расправа и во овој Парламент и во Владата. Ако се обезбедат тие средства, мислам дека некако ќе може можеби не да се решат, но колку-толку да се стабилизира оваа потрошувачка односно да се обезбедат извесни средства за нормално пружање на здравствената заштита.

Овде многу се зборуваше, а и во Мерките се споменува за рационализација во здравството. Мислам дека здравствените работници не смеат да се окривуваат дека не се за рационализација во здравството. Тие се за рационализација, меѓутоа таа рационализација мора да се воспостави низ одреден однос, низ пружањето односно низ

призната цена на услугите во здравството и извршените услуги во здравството. Сигурно ако се плати цената, некоја незнам каква цена, формирана во рамките на можностите на оваа Република, односно во рамките на националниот доход на оваа Република, тогаш ќе се создаде и одредена рамка за рационализација. Сигурно никој нема да држи или да вработува персонал таму каде тоа нема да биде исплатливо. Односно таму каде нема да се остваруваат услуги по нормативот што е веќе донесен на ниво на Република. Се знае колку треба да прегледа еден специјалиста, а колку еден лекар од општа практика. Мислам дека низ цената на услугата и дадената услуга ќе се дојде и до таа рационализација.

На крајот, мора да поведеме сметка и во еден друг дел, во делот на образование на кадри за пружање на здравствената заштита. Дали ќе направиме мораториум на факултетот, дали ќе го намалиме бројот на уписот на студентите, дали ќе го намалиме бројот на школите што функционираат на ниво на Републиката, за средномедицински и виш медицински кадар, треба да се договориме. Тоа треба да биде задача на Владата, однсоно ресорното Министерство и Универзитетот. Побогати земји имаат ограничување во уписот на Факултетот, а кај нас имаме еден голем број на упис и дадовме слободен упис со приватно студирање, со што уште повеќе се зголеми тој упис. Ова наше стопанство не може да репродуцира кадар што не може да биде вработен. Пред неколку дена, пред Собрание ни дојдоа невработените здравствени работници. И Собраниево и Владата мора да водат сметка во тој дел. Акумулацијата на кадарот кој нема да биде вработен сигурно ќе биде товар на државата а никако олеснување. И во тој дел треба да се направат одредени конкретни задачи.

Уште нешто, мора да се направи строга контрола и на потрошувачката во здравствените организации и строга контрола на потрошувачката, односно на цените во производството и промет на лекови. Ако сето ова се постигне не краткорочно, долгорочно, можеме да се надеваме дека нешто ќе постигнеме во здравството. Ако ова остане само запишано а нереализирано, состојбите ќе бидат се полоши и полоши.

Учеството на граѓаните е мерка која не е афирмативна, меѓутоа во оваа состојба мора граѓаните да учествуваат додека не се обезбедат средства од Фондот преку придонесот за здравствена заштита. Тоа е една палијативна мерка која можеме денеска да ја донесеме, а да важи за еден извесен период за кој ќе мислиме дека ќе се подобрат состојбите во здравството. Не да биде трајна мерка. Но сега, е задолжителна мерка. Оти, ако не се воведе, нема да се врши контрола на потрошувачката односно не ќе биде заинтересиран самиот да штеди во делот на здравствената потрошувачка. Но, кога ќе плати од џебот секој ќе размисли. Ако во тој дел ја намалиме потрошувачката нормално и болничкото лекување кое што, иако сум здравствен работник, морам да кажам  некаде се злоупотребува, на тој начин ќе направиме една контрола и на тоа без индикации лежење во болниците, некако да се стабилизира тој фонд и барем колку-толку да можат здравствените работници да обезбедат основни средства за

пружање на таа заштита.

Ако овие мерки и другите мерки што беа предлагани на минатата седница може да создадат барем еден ред во тој дел на потрошувачката да се обезбедат средства и да немаме поплаки и од здравствените работници и од осигурениците. Затоа што сега не се во незавидна состобја само здравствените работници. Мислам дека осигурениците се во поголема незавидна состојба. Здравствените работници се жалат на ниските лични доходи, а осигурениците се жалат затоа што нема да им биде пружена соодветна здравствена заштита. Тоа е многу непопуларно и е многу лошо ако на еден човек навистина на кого треба здравствена заштита, не можеме да му ја обезбедиме. Тоа е многу непопуларно. Мислам дека тука ќе биде поголема одговорноста и на овој Парламент и на Министерството, Владата и сите министерства што учествуваат во акумулацијата на овие средства и на донесувањето на програмите за здравствена заштита.

**СТОЈАН КОВАЧЕСКИ:**

Почитувани пратеници, ако во некоја земја на Запад им кажете со колку средства располага нашето целокупно здравство, ќе ви речат, или е тоа некоја грешка бидејќи тоа е неверојатно, или тоа здравство за една недела ќе престане да функционира. Сепак, тоа здравство во нашава земја, во нашава држава функционира со месеци, да не речам и со години и се поставува прашањето како и каде е тајната? Сепак, неодминлив е фактот дека се работи за едно витално здравство кое со малку пари до сега успеваше некако да се одржува. Би рекол, пред се, заради пожртвуваност и способност на здравствениот персонал. Второ, сигурно, неодминлива е трпеливоста на народот како потенцијални пациенти и потрошувачи во здравството, на здравствената заштита. Овие два несомнено позитивни карактеристики во системот на здравствената заштита кај нас подолго време доведоа до растегнување на обрачот во здравството и тој веќе е растегнат до крајна мера и повеќе не ќе може тој обрач да се растега бидејќи ќе пука и не ќе може да се санира, не ќе може да се залепи. На ова е укажувало повеќе пати и во Собраниево, Министерството укажувало повремено сме се судрувале сите со состојбата на кризата во здравството.И последно некоја синтеза на проблемите беа објавени со таканаречениот штрајк на здравствените работници што не беше никаков штрајк, тоа како што убаво рече пратеникот Благоја на завчерашната расправа, тоа беше еден благ револт од кој што никој не настрада. На сите кои бараа здравствена заштита им беше укажана. Денес на дневен ред ние ги имаме и мерките на Владата кои јас исцело ги поддржувам. Ако Собранието денес површно ја сфати состојбата во здравствената заштита на населението во Републиката, потенцирам не само состојбата на здравствените работници, да ги оставиме на страна личните доходи, туку состојбата со снабденоста со лекови, состојбата во болниците, со исхраната на болните итн., вкупните проблеми на здравството, мислам дека растечкиот колективен револт ќе се префрли на страната на пациентите, вклучувајќи не сите овде како потенцијални пациенти кои утре ќе немаат минимум лекови. Тоа ние и денес го немаме,

мегутоа утре таа состојба ќе биде уште попотенцирана и нема да располагаме ни минимум здравствен стан-дард за кое, ве молам и за тоа на време е укажувано и се укажува, здравствените работници не ќе имаат никаква одговорност. Од овде треба денес да кажеме дека во Македонија по глава месечно се со-бираат 2,5 долари за здравство, или 30 долари годишно. И сега да пресметаме колку даваме и колку бараме од тоа здравство. Некогаш кога се поставуваат проблемите на здравството непријатно е да бидеш здравствен работник затоа што некој те сфаќа дека бараш за себе, бараш за здравствените работници. Не. Она што осигурениците, она што пациентите, она што народот дава, дава и во најголемиот дел го повраќа за сопствената здравствена заштита преку лекот, преку лекувањето болничко итн.

Една мала илустрација да кажам што се значи здравството кога ние тука расправаме за бројки, некако ни изгледаат многу големи. Јас го познавам проблемот во дијализата и ќе се задржам малку на тоа што денес значи дијализата како вредност.

Една хемодијализа денес материјалниот трошок достигна до 50.000 денари. Три дијализи неделно е оптимум за еден пациент ако е некомпликуван болен, некогаш се прават и секојдневни дијализи. Значи стандардно три пати по 50.000 милијарди, 150 милијарди по пациент материјален трошок неделно. Месечно тоа се 650 милијарди, годишно е 7000 милијарди и 800 по пациент, или 730 паци-енти вкупно прават 118 илјади дијализи и тоа чини 5 милијарди 694 милиони денари што за неколку пати е повеќе од она што во материјалот читаме. Материјалов вели и планира милијарда 968 за дијализа. Не е вината до оние што го изготвиле материјалот. Материјалот е изготвен во месец март кога цените беа значително поинакви од денешните. Јас и ова што денес ви го кажав, утре ќе биде старо и ние ќе имаме нови бројки, застра-шувачки бројки за она колку чини здравството. Или да немаме недоразбирање. Една дијализа чини 50 милијарди денари, сигурно ќе го интересира некого колку е таа цена на Запад. Во Западна Германија минималната цена е 400 марки по дијализа. Значи може истата сметка да се направи, а таа е многу поголема, неколку пати поголема, а сите ние работиме со материјал кој што без малку по квалитетот е скоро исто на западно ниво и дел од цените веќе одат кон тоа ниво како што е на Запад, а некои цени се дури и повисоки од некои производители во бившата наша Југославија. Сето ова го кажав за да се има една претстава што значи проблемот на здравствената заштита, а посебно онаа најскапата медицина која што често пати ние во здравството ние го потенцираме проблемот на заштитата на пациентите кои што се на дијализа.Јас не сум премногу голем оптимист заради за ова што го кажав дека и со усвоените мерки на Владата ќе ги решиме сите проблеми во здравството. Напротив состојбата нешто ќе се подобри секако. Тоа ќе биде една трансфузија во последен час на здравството и понатаму ќе остане хроничната болест на недостаток на средства.

Нешто за партиципацијата која што често тука се напаѓа. Сигурно дека во оваа криза 20% од вредноста на лекот, 20% од другите здравствени услуги значи оптоварување на населението. Меѓутоа,

ниедно здравство и никогаш од партиципацијата не собрало доволно средства за да се реши некој проблем во здравството. Ме-ѓутоа, партиципацијата како регулатор на потрошувачката, бидејќи ние мораме да признаеме не зафатила и во здравството, посебно осигурениците, потрошувачите, народот, потрошувачка психологија, а тоа се виде и со зелените картони "дај брзо напиши ми нешто, да не ми пропадне зелениот картон". Ние створаме резерви на лекови исто онолку колку што створаме резерви на масло, на шекер итн. и ја влошуваме состојбата на снабденоста на пазарот со лекови во овој случај. Со партиципацијата се мисли и јас очекувам дека нема многу средства да се соберат, но потрошувачката значително ќе се намали заради тоа што нема лесно да се одлучи пациентот да зема лек ако веќе го има дома и нема да се створаат некои големи резерви. Јас сметам дека кризата и понатаму ќе продолжи во здравството. Зошто така мислам? Мислам дека во услови на надворешни и внатрешни блокади во Републиката и не треба многу да биде човек оптимист. Во Македонија иако нема пукање, јас мислам дека сме ние ако не во воена состојба, во една тешка кризна состојба и во здравството треба да ја имаме во предвид најлошата варијанта на криза во здравството и покрај сите мерки што очекувам дека ќе ги усвоиме. Предлагам од горе до долу во здравството да се изготви кризна програма, можеби таа постои, меѓутоа ми се чини дека таа треба да биде апсолутно на дофат на секој здравствен работник, да ја гледаме вистината во очи. Кризна програма која ќе каже како здравството ќе функционира во најлоши услови при недостаток на основни лекови, при недостаток на газа, на вата, на пластични шприцеви, при недостаток на материјал за дијализа итн. Како ќе постапуваме во такви услови? Јас велам и тврдам ние сме толку раскомотени од минатото кога работевме во доста оптимални услови во здравството, се раскомотивме и ние како здравствени работници со еден висок стандард на работа, а се раскомотија и нашите пациенти и пациентите се раскомотени и вие тешко можете ако ние однапред не ги подготвиме и да им кажеме дека е една тешка криза која што не може да го одмине здравството и не може да ги одмине ниту здравствените работници, не може да ги одмине ниту пациентите. Ако е така, тогаш ќе треба ние да се спуштиме на тоа ниво на таа криза, на таа економска состојба на целото општество, па вклучувајќи го и здравството. Јас сметам дека ние ќе треба сериозно да се подготвиме и да се оспособиме да прифатиме враќање можеби, ако мораме ќе се вратиме и на стаклени шприцеви со водена стерилизација итн. Тоа еднаш министерот ни го укажуваше. Ние не верувавме дека ќе дојдеме до таква ситуација, меѓутоа ситуацијата оди кон тоа и велам покрај мерките кои што се преземаат. Мислам дека јасно треба гледајќи ја вистината во очи да кажеме дека од лошо има полошо. Јас очекувам за здравството и полоши денови и покрај сите мерки кои што се на дневен ред денес пред пратениците на Републичкото Собрание.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сметам дека се оправдани барањата на здравствените работници заради тешките состојби во здравството, недостатокот на лекови и санитетски

материјали, значајната ставка на материјалните трошоци, ниските лични доходи и друго при што се доведени во прашање нормалното обавување на основните функции на здравството што секојдневно го чувствуваат и граѓаните. Но, сепак Владата и ова Собрание треба добро да одмерат дали едно вакво зафаќање од 15% од катастарскиот доход и новото зафаќање во висина од најниската цена на трудот во бруто износ најмногу до 8,6% за потребите на здравството ќе можат земјоделците да го издржат ако се има во предвид тешката состојба во земјоделството, а со тоа и на земјоделците заради високите цени на репроматеријалите и немање пазар за своите производи заради што социјалните тензии кај оваа категорија уште повеќе расте. Затоа предлагам Владата да го преиспита ова ново зафаќање и тоа да биде на катастарскиот доход, иако морам да кажам дека катастарскиот приход, односно доход не е променет и е на ниво од 1990 година. Сепак, се поставува прашање дали дел од земјоделците ќе бидат во можност да ја остварат и најниската цена на трудот. Оттаму Владата ќе мора да побара и други извори на финансирање, секако многу посигурни за ублажување на тешките состојби во здравството како би можело нормално да функционира истото што не е заложба само на здравствените работници, туку е од витален интерес и за сите граѓани во Републиката.

**РИСТО КЕЛЕШОВ:**

Почитувани пратеници, Информацијата за состојбите и проблемите во здравството со понуденото решение треба да го прифатиме, но единствено како бустер доза во системот, но со тоа нема да ги решиме, ниту пак ги решаваме, ниту пак можеме да ги обезбедиме економските претпоставки за понатамошно и целисходно функционирање заради огромните диспропорции. Стапка од 8,6% со евидентирани дефекти во извршување на обврските, без одговорност на тие што не ги исполнуваат обврските и притоа со полн респект и разбирање кон субјектите кои тоа не се во можност да го сторат, но и со голема нејаснотија за одлагањето, или неплаќањето на придонесите од страна на субјектите кои тоа можат. Се поголеми материјални трошоци во здравството кои според специфицираните месечни потреби учествуваат со 50% со тенденција на пораст, а финансиската моќ на фондот со тенденција на критичен пад. Од наведените причини голем број работници за кои воопшто не се партиципира заради неисплатен личен доход, голем број претпријатија кои не партиципираат заради исплаќање на личен доход во дневен пазар, или со стоки за широка потрошувачка со реперкусија во Фондот од над милијарда денари месечно. Просечна партиципација на земјоделците од 78 денари со реперкусија од 150 милиони денари месечно. 50 илјади невработени со реперкусии од 40 милиони денари месечно. Дејност со личен труд 30 илјади осигуреници кои користат здравствена заштита, а не партиципираат со дефект во Фондот од 40 милиони денари месечно, непријавени работници итн. и уште којзнае колку други познати и непознати манипулации со Фондот. Од друга страна енормно зголемување

на цените во сферата на материјалните трошоци без ребаланс во изворите на фондот. Сите здравствени работници да се откажат од личните доходи не можат да ги покријат недостатоците од 2 илјади милиони денари бидејќи личните доходи учествуваат со 1500. И сигурно уште многу показатели кои можеме да ги истакнеме како примери за лошата материјална состојба во здравството и тоа не низ призма на личните доходи кои патем речено се катастрофа, туку низ призма на основната функција на здравството.

Почитувани пратеници, здравството мора да има разбирање кон сите субјекти заради кои постои и слух за економската состојба на граѓаните.

Исто толку колку што имаат и сите други категории на труд и ни повеќе ни помалку од тоа и во исто време е должно кон сите тие субјекти биде високостручно, професионално, принципиелно, експедитивно, хумано, за сите подеднакво достапно во секое време на секое место и на секое ниво, да биде ефтино или бесплатно и да има модерна и надградена дијагностичко-терапеутска технологија.

Од друга страна во сегментот стационарно лекување, од стационарите се бара: пристоен пансион и конфорно сместување и сето тоа надградено со медицински хигиено-диететски стандарди и сето тоа е нормално да се бара и да се очекува надградува и модернизира. Должност пак на здравствените работници е сето тоа да го остварат и да го понудат и ако тоа не го сторат да бидат критикувани од субјектите заради кои постојат. Дали е тоа можно?

Во Информацијата стои дека со сегашната динамика на при-ливот на приходите во фондот воопшто не постојат услови за покри-вање на искажаните загуби.

Вкупно расходи на Фондот во периодот јануар-март 1992 година изнесува 6.265 милиони, што е за околу 65% повеќе од остварените приходи. Остварени приходи што со јазикот на т.н. производни дејности кои наводно го финансираат здравството, што по мое лично убедување е заблуда и тоа од типот на колективни заблуди. Значи дека здравството за овој период го има произведено и пласирано својот производ, но го нема наплатено, што значи дека не се работи за не работење, туку за ненавремено или воопшто неплаќање на остварениот производ.

Во специфицираните неизмирени обврски на Фондот, заклучно со 10 април 1992 година стои позицијата 200 милиони динари на име обврски за камати кон позајмувачите, со каматни стапки од 9 до 12%. Го прашувам господинот министер за здравство дали било кого и би-ло на кого му е наплатено одложеното или задоцнетото партиципирање во Фондот за веќе извршени услуги со камата и со која каматна стапка, што би имало апсолутно реципрочен резон и економска логика со резонот и логиката на кредиторите, без разлика кои се тие. Со сите

овие показатели и осознавање од Информацијата се наметнува сознанието дека дефакто не сме мрднале многу напред во однос на поранешното сизовско здравство туку дека сега место сизовско сме се поблиску до сисизовско здравство.

Еден од патиштата за надминување на традиционално лошите состојби во здравството по мое длабоко убедување не е парцијалното и времено решение на проблемите, туку државата треба да договори дел од здравствената заштита со здравството по цена на чинење и по договорени рокови за исплата, а големината на договорениот дел ќе зависи од проценката колку средства ќе може да си обезбеди, при што начинот на обезбедување на средствата ќе биде проблем на државата, а реализацијата на договорениот дел од здравствената заштита ќе биде проблем на здравството. Сето друго надвор од договореното ќе функционира на принципите на пазарна економија, со што и те како ќе си обезбедат материјална основа за функционирањето на системот и не само тоа, туку и стимулација на здравствените работници, конкурентноста на трудот, рационализацијата задоволни пациенти и што е најважно ќе се расчистат заблудите и кај двата субјекти. Кај партиципиентите дека партиципираат повеќе отколку што користат, а кај давателите на услуги дека работат повеќе отколку што заработуваат.

На крајот сакам да истакнам дека здравството е висок по доходовна категорија на труд која има тешко совладлива и скапа технологија и секогаш конкурентен производ кој има цена, па не заслужува да се наоѓа таму каде што се наоѓа.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, навистина се наоѓам во една неблаго-дарна ситуација да дискутирам по оваа проблематика како лице кое не е од медицинска струка, но проблематиката и тежината на проблемот е од таков карактер што не доведе до тоа да ја иницираме оваа точка да дојде на почеток од расправата, од дневниот ред на оваа седница.

Имено, реформата во здравството е една од првите која што оваа Влада ја понуди пред овој Парламент. Истата беше усвоена со донесувањето на новиот Закон за здравствена заштита. Но, проблемите во државата, проблемите во стопанството доведоа до тоа таа проблематика да се пренесе во здравствените организации. Но во последно време проблемите се изострија и доведоа до такви состојби, да не речам алармантни кои ја иницираа оваа расправа.

Изготвениот материјал во однос на состојбите и проблемите во здравството сигурно е дека е реален и добро ја искажува таа состојба. Но мислам дека има и некои работи што не се искажани а што се иницирани во Медицинскиот центар во Битола од чии вработени сум задолжен на оваа седница да го искажам нивниот револт и нормално да понудам некои решенија кои малку од малку би помогнале во оваа

ситуација. Имено, Медицинскиот центар во Битола е еден од носителите и иницијатор за организирање на овој штрајк на медицинските работници и мислам дека тој не беше од таков карактер за да се занемари од средствата за јавно информирање како што беше занемарен. Тежината на тој штрајк е од таква природа што здравствените работници од Битола немаа ни основни материјални средства за извршување на својата работа. Резервите за лекови се на такво ниво што не овозможуваат ни зафаќање на најитни случаи во одредни одделенија. Проблемот со немање на игли, шприцеви, катетери, лекови, немање на лекови за донечиња, за итни случаеви кои се неопходни и кои навистина ја усложнуваат работата до таа мера да се дојде до таа ситуација медицинските работници да преземаат штрајк.

Исто така, овие медицински работници од Битола укажаа на некои проблеми кои прејудицираат на проблемите да се префрлуваат во Министерството за здравство, а тоа се оправданоста на градбата на хируршките клиники и нивното опремување и потрошувањето на 25 милиони ДМ во ова време на тешка економска криза во Републиката.

Исто така тие бараат да се изврши комплетен увид во Фондот за здравство и да се преиспита централизацијата на фондот во Министерството за здравство. Тие се тука едни од поголемите барања кои ги истакнувам од оваа говорница.

Исто така еден од поголемите проблеми е и оправданоста на самиот Медицински факултет кој од службите во ова Собрание ми е укажано дека оваа проблематика е поставувана во ова Собрание уште од 1985 година, за која што се носени заклучоци, но еве сега сме 1992 година, операционализација на тие заклучоци воопшто не е извршена.

Исто така се поставува тука и прашањето на уписната политика на Медицинскиот факултет каде имаме случаеви да во последните години од општина Битола се запишуваат еден до два кандидати. Тоа гледано подолгорочно ќе се одрази и на опременоста на Медицинскиот факултет во Битола со стручни кадри во наредниот период.

Сега конкретно за мерките што ги нуди Владата за оваа состојба во здравството.

По однос на заклучоците кои се понудени од Комисијата за здравство во целост ги поддржувам и прифаќам но со определена корекција. Имено во вториот заклучок се вели дела Собранието оценува дека е потребно да се изнајдат трајни решенија за надминуваше на неповолните состојби. Изнаоѓањето на овие решенија јас би го детерминирал во одреден рок, а предлагам тој рок да биде рок од шест месеци во кој рок навистина би се понудиле конкретни решенија за комплетно решавање на здравствените проблеми во Република Македонија.

Исто така, неможам да се одлучам јас како пратеник во ова

Собрание да им наложам на лекарите и на останатиот медицински персонал, а што се однесува до заклучокот под број 4 што како политичка одлука стои да се намали потрошувачката на лекови, а особено појавата на препишување на повеќе лекови за иста болест. Каде е тука Хипократовата заклетва која што сите лекари ја имаат дадено да ние како политичари им наложуваме да препишуваат толку лекови колку што е потребно за одредената болест. Така да и овој дел од заклучокот мислам дека треба да се изостави.

Понатаму што се однесува до одлуката што се нуди за зголемување на процентот на зафаќањата за земјоделците, дали таа одлука е во рамките на Антиинфлационата програма која Владата ја понуди пред ова Собрание  и која пред неполни 20 дена ние ја ус-воивме во овој Парламент. Дали оваа одлука претставува операционализација на таа Антиинфлациона програма која ова Собрание ја усвои, но пред нејзиното усвојување сите дискусии беа насочени кон тоа дека се прифаќа оваа програма но во тој момент не беше дадена операционализација не само на ова поле, туку и во сите останати полиња кои ја обработуваат проблематиката на Антиинфлационата програма.

На крајот истакнувам дека навистина на самите медицински работници им беше понудено да изготват соодветна програма за решавање на проблемите во здравството. Тоа е извршено од страна на Ми-нистерството, тоа е извршено од страна на 15 пратеници од медицинска струка, кои седат во овие клупи, но навистина на незадоволително ниво. Мислам дека со овие решенија што се нудат сега, ќе истакнам една анегдота која ја истакнуваше еден мој професор кој велеше на воспаление на слепо црево се реагира, вели, со андол. Јас така ја оценувам оваа состојба. На оваа состојба во здравството да реагираме со овие Предлог-мерки. Можеби во прво време болката ќе се намали, но правата болест навистина ја немаме, а решение на болеста треба да извршат медицинските работници со правиот рез кој треба да произлезе од нив и самите тие да го извршат е да ни го предложат пред ова Собрание.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Јас барам извесно извинување заради тоа што можеби ќе ве заморам накратко со некои бројки. Ке го изнесам проблемот на Медицинскиот центар во Гостивар.

Медицинскиот центар во Гостивар заклучно со месец март 1992 година има достасани  неисплатени обврски спрема добавувачите од вкупен износ на 30.844.476 динари. Поголемиот дел од обврските неисплатени се однесуваат за лекарствата спрема Реплек-Македонија - Велефарм, Срболек, Алкалоид и други. Додека другиот дел на долгови

спрема добавувачите се од набавка на храна, струја, вода и ред други обврски.

Финансиското работење на Медицинскиот центар од ден на ден е се потешко и потешко од причина што од Фондот за здравствено осигурување се добиваат симболични финансиски средства за материјални трошоци, а цените од ден на ден растат со еден голем тренд на сите материјални услуги. Поради тоа Медицинскиот центар не е во состојба работењето да го врши нормално поради тоа што живее од ден на ден, добавувачите од било која да се дејност не доставуваат стоки, лекови, храна и слично, ако претходно Медицинс-киот центар по испратени нивни профактури не изврши плаќање, што е и нормално.

Чест е случајот да Центарот за хронична емодијализа дојде до граница на немање на потрошни материјали и се случува да се интервенира од сите страни за финансиски средства или да се бара позајмица на најнеопходните потрошни материјали за извршување на дијализата на болните од други центри и слично, а таа позајмица е за време од еден до два дена.

Исто така чест е случајот болницата остане без највитални лекарства: дектрози, шприцеви, храна, ампуларна терапија и слично.

Медицинскиот центар за да донекаде нормално ја врши својата работа месечно по цени од април месец, што значи сега веќе тие цени и не важат, потребни му се некаде од 120 до 130 милиони динари од кои 16 милиони динари за потребите на дијализа, 53 милиони динари за лични доходи, 30 милиони динари за лекарства на апотекарската служба, 15 милиони динари за лекарства за болничка служба и 10 милиони динари за останати материјални трошоци. Овие цени се од март месец.

Потребно е да напоменеме и тоа дека некаде од 1986 година па до ден денес Медицинскиот центар во поглед на инвестиции кои останале недовршени нема никакви вложувања на финансиски сред-ства.

Што се однесува до медицинската опрема, односно апаратурата која ја поседуваме, може да кажеме дека некаде околу 80% од својата вредност е амортизирана и не паметиме од кога немаме набавено нови медицински апарати. Така само заради илустрација би рекол дека интензивна нега прв пат почна да функционира во Гостивар во 1982 година кога набавивме два монитори од сирмата"СИМЕНС" и два дефибелатори, што значи веќе 10 години, па можете да замислите како ни е на нас кои секој ден се соочуваме со проблеми кои ни се јавуваат на тоа поле.

Од ден на ден се јавува потреба за набавка на најнеопходни медицински апарати за кои Медицинскиот центар не е во состојба да ги набави од причини што нема финансиски средства. За потреба е да кажам и тоа дека поголемиот дел од медицинската опрема е набавувана

од поблиските републики од поранешна Југославија, па поради тоа ни се јавува еден голем проблем и во поглед на поправките на медицинските апарати, а да не зборуваме за апаратите кои се набавени од странски фирми, односно од увоз. Како за пример ќе кажам дека три највитални апарати се испратени на поправка во ЕИ Ниш и истите до ден денес не можеме да ги земеме, а тоа е направено пред три-четири месеци, од причини што е прекинат платниот промет меѓу Македонија и Србија.

Што се однесува до просечниот месечен личен доход на ниво на Медицинскиот центар за месец март е 25.810 динари, додека просечниот месечен личен доход за април 1992 година на ниво на МедиМедицинскиот центар според Законот за плати донесен од Република Македонија е 39.526 динари.

Личните доходи по профили на вработените за месец април без минат труд и други додатоци би изгледало како што следи: лекар-специјалист 60.900, лекар од општа пракса 51.000, медицинска сестра 34.000 и чистачка 24.150 динари.

На крајот сакам да се задржам уште на извештајот од Коми-сијата за финансирање и буџет каде се наведува Собранието да не ја усвои Предлог-одлуката за дополнување на Одлуката за стапките и основиците за пресметување и плаќање на придонесот за здравственото осигурување.

Од овој заклучок се стекнува впечаток дека треба да се продолжи со старата пракса кога врз солидарен принцип се вршеше финансирањето во здравството. Мислам дека треба да ни биде јасно да се бараат нови форми на финансирање, во духот на пазарното стопанство, а ваквиот пристап бара пред се измена на редица закони кои се очекува да бидат на дневен ред на ова Собрание, како што е Законот за становите, Законот за работни односи и друго. Здравството сеуште функционира врз стари закони, сеуште функционираат работничките совети кои го кочат применувањето на пазарните законитости во здравството.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, немав намера да се јавувам за дискусија по информациајта, затоа што знам дека нашето јавување е контрапродуктивно за здравството, но ме предизвикаа некои дискусии, затоа што имам сосоема спротивни дискусии за одредени работи со што би го задржал вашето внимание.

Никој од вас овде не беше присутен во Битола кога Синдикатот на здравствените работници донесе решение за штрајк на 11 овој месец. Јас нема да ви прераскажувам каква беше атмосферата но морам да кажам дека и покрај емотивниот набој присутните и реакциите на присутните беа сосема оправдани за мене, со исклучок на некои

изречени невкусности од еден колега од Куманово, но можеби и јас би реагирал на сличен начин кога би бил во слична ситуација. Колегите мислеа дека нема присутен од пратениците, па можаеби и затоа ги изнесуваа своите видувања за нас без стеснување. Дури и претседателот на нашиот Синдикат натеран во ќоше изнесе една невистина за парламентарците. Тоа беше разбирливо ценејки го набојот што беше присутен на состанокот. Затоа тврдам дека штрајкот немаше да добие квалификации како некој чуден штрајк, нешто како штрајк, го бајаги штрајк и слично ако Синдикатот беше вистински независен синдикат, а не како што беше и таму оквалификуван сеуште државен или владин синдикат. Ако на клиниките, медицинските центри со мал исклучок не им беше навреме исплатен корегираниот личен доход за месец март, ако наместо здравстените домови што останаа со пократки ракави се најдеа клиниките и медицинските центри, а тие здравствени домови се во делот на источка македонија каде што се надеваме дека политичко безбедносната ситуација е најдобра. Ако Министерството не реагираше благовремено тогаш ќе се соочевме со вистински неизвесен штрајк затоа што и без тоа поголемиот дел од здравствените установи се во еден тивок штрајк, не по своја вина, веќе подолго време. Граѓаните сфатија дека за ваква состојба не се криви здравствените работници што се препотуваат пред секој сериозен случај немајќи можност за интервенција осеќајќи се беспомошни. Не беше штрајкот само заради плати, што јасно се покажа и со искажувањето на директорите на поголем дел на здравствените организации од источниот регион кои укажа дека нема да бидат во можност да одговараат за она што ќе се случи поматаму во мединцинските центри и здравствените домови и дека можат да поднесат оставки. Тоа веќе слушам дека се случува во Македонија. Но, позитивно е тоа што се проговори за една досега табу тема во здравството зошто порано или при најмалото споменување на платите му се потураше под нос Хипократовата заклетва и хуманоста на позивот. Не знам дали сеуште се среќни Кинезите со своите босоноги лекари и незнам дали колку биле среќни такви босоноги. Кој ќе го верува и почитува босоногиот човек ако не е Ганди, и ако ова не се библиски времиња. Колку сака секој од нас да го повери своето здравје и животот во рацете на еден босоног поклоник на богот Асклепие кога знаеме дека здравјето е пред лебот. Затоа и ме изненадуваат дискусиите на поедини пратеници, за кои сум убеден дека добро ги знаат работите од здравството, па сепак кокетираат со бројното избирачко тело, земјодлеци и сигурен сум дека знаат дека од годишната уплата не можат да се платат ниту трошковите за печатање на зелените картони и хартијата за нив. Тоа можам да ги илустрирам со една уплатница. Не треба да се стават во заблуда и луѓето дека тоа се чекови што треба да се потрошат, инаку ќе им пропаднат парите. Не малку изненадува и мислењето на Комисијата за финансирање и буџет составена од економисти и нивното образложение за здравството има излез. Дел да биде на буџетот, тоа што го предложија колегите, а дел пазарно ориентирани. Се прашувам како може да се купи нешто без ништо и пак се да функционира нормално. Не можам да не и забележам на Владата која не изманипулира нас пратениците со Законот за ограничување на платите кога направи, верувам, намерна грешка во математиката и прогласи дека од 30% 10% помалку е 20% за

потоа да го поправи тоа на 25% и со тоа како да направи голема отстапка. Незнам како тоа го пропуштија и надлежните три комисии и да го исправат процентот за нестопанство 27%, што би било праведно решение, ние останатите во тој момент задоволни со 25% , верувајки и на експертноста на Владата и на колегите на комисиите. Тоа беше исто една од причините за револтот на здравствентие работници, а за нас искуства повеќе да не му веруваме и на најголемиот експерт понатаму.

Уште еднаш сакам да кажам за зелените картони и партиципацијата. Сепак тоа не значи генерално дека ќе се применува партиципацијата нашите зелени картони, туку одредени категории како што беа досега ќе бидат иземени, а се знае кои задолжителни видови на здравствена заштита, над 65 години хронични заболување итн.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имајки ја предвид општата политичка безбедносна состојба во бивша Југославија, сведено и на наш товар во Македонија лесно можеме да претпоставиме дека како главен генератор на сите неволји што се тука, во Македонија, воглавно е неликвидното стопанство кое ни од далеку не го засега животот на луѓето толку колку што е засегнат животот во другите сфери.

Се до оној момент додека стопанството не заживее, додека Владата не сфати да така како што е затворено сега во еден круг, додека не почне да функционира како увозниот, така и извозниот фактор се дотогаш службите што се на буџет, на фондови ќе запаѓаме во уште потешка состојба. Од тие причини ние како здравствена организација пред се треба да се ставиме во функција на работните колективи, преку своите истурени амбуланти во поголемите работни организации на некои начин рационалноста на работењето да го поддржуваме, а со тоа ќе придонесеме во стварање на средства за разрешување на нашите проблеми. Конкретно во моето подрачје во овој момент завладеа ситуација да почнаа да се осипуваат амбулантите дислоцирани во работнтие колктиви, што има негативни последици како во однос на нормалното работење на вработените, исто така и на бројот на зголемените боловања. Тоа треба да го имаме предвид и на тој фактор треба добро да внимаваме.

Исто така, имајки ја лошата состојба, која провејуваше и во дискусиите на другите дискутанти, за земјоделците треба и проблемот на селските амбуланти, во чие изградување и функционирање и самите земјоделци преку личен труд партиципираа да се трудиме на некој начин да ги одржиме во живот, со тоа што таму каде што нема да дислоцираме лекари, зато што има и една прилично голема бројка на невработени лекари, па доколку несакаат вработените во нашите установи, тогаш да се ангажираат младите лекари за разрешување на овој проблем.

Понатаму, што беше делумно искажано, а што би одело во функција на разрешувањето на проблемите во здравството е функ-ционалното поврзување на здравствените служби во Македонија. Македонија не е толку не непрегледна, не е толку голема да не може да се постави на здрава нога на една служба одговорна и денонoќно присутна и потребна на луѓето, затоа што и досегашното функционирање на некој начин и покрај сите тешкотии и покрај енорно ниските лични доходи ги задоволуваше основните потреби. Меѓутоа, се забелжува дека поврзаноста меѓу оние во помалите места со главните медицински установи, клиниките на некој начин не функционираат. Мислам дека е крајно време и во интерес на вработените, на сиромашните да отпочнеме супцпецијалистичките служби, професорскиот кадар да ги посетува медицинските центри во помалите места затоа што во еден ден еден специјалиста во Крива Паланка што не дојде, од 30 до 50 прегледи што можат да се обават во Крива Паланка тие пациенти мораа да дојдат во Скопје. Направете сметка, картата е илјада динари во еден правец, колку чини таа група луѓе во целина, колку чинат другите материјални трошоци, почнувајки од доручок итн. ќе видите на какви се потешкотии ги изложуваме работниците. Ова е директно поврзано со отсуството на тие вработени од работните колективи, затоа што тој ден машината е празна итн.

Друго, во врска со ова Владата мора неодложно да преземе итни мерки, стопанството, 90% извозно и увозно поврзано со поранешните републики во Југославија изнајдат решение функцијата да почне така како што била и порано, затоа што за кратко време ќе настане потполн колапс, на бројот на социјалните тензии, бројот на невработените итн. Ќе биде толку изразен да ние ќе бидеме навистина во една неприлика како и на кој начин овој проблем ќе го разрешиме. Тогаш нашиот проблем ќе биде далеку на маргините.

Понатаму, состојбите кои владеат во платите, во буџетот, во фондовите се толку различни, што на некој качин ја режираше и состојбата за штрајкот што се јави во здравството, кои всушност не беше и никаков штрајк, затоа што имавме една таква состојба да односот меѓу еден лекар, меѓу еден судија беше еден према еден, а сега е еден према два. Конкретно имаме плата меѓу цариннарник и полицаец еден према два во корист на полицајци итн. Тоа се работи кои не се на ниво на ресорно министерство разрешени и мислам дека разумната граница односно разлика меѓу 15 до 20% никој не би ја забележувал , но ваквото постоење на шареноликост на буџетските плати има многу негативни политички последици и на здружениот труд кој всушност ги издвојува овие средства. Тоа треба под итно да се разреши затоа што оттука почнуваат да се регрутираат нездравите односи меѓу нас, особено во малите места каде што сите работи се согледливи.

Предложените партиципации и стапките, особено за партиципацијата и другите дискутанти кажаа дека досега во повеќе наврати е применувана, меѓутоа факт е дека не даде којзнае какви резултати и

не се собираат којзнае какви средсва, така да катего-ријата на хронични заболени, пензионери постари од 65 години и друго треба да се ослободат од оваа партиципација бидејки тоа се скоро никакви средства.

Во однос на стапката за земјоделците должен сум да напоменам како здравстен работник дека средствата иако мали, мислам дека се толку занемарливи во однос на средствата што би требало да помогнат за разрешување на здравствениот проблем ги ставаат селаните, особено од ритско-планинските подрачја во една таква ситуација да највероватно ќе бидат принудени да не вршат уплата на другите давачки, да не одат на лекар итн., за да ние покасно се најдеме во една далеку поделекатна состојба со нарушено здравје итн.

На крајот, воведувањето на новиот начин на здравствени книшки, зелени картони итн., иако имаше одредени тешкотии, меѓутоа со време највероватно ќе дојде до стабилизација на стопанството, веројатно ќе се воведат и компјутерски служби со што и тој проблем ќе се разреши и ние на некој начин ќе бидеме на ниво како во другите европски земји.

Дискутирајки за проблемот, за функионалното поврзување мислам дека време е со дислоцирање супцпецијалистичкиот и професорскиот кадар на некој начин може да се постигне растоварување на болничките капацитети на клиниките итн., за да одењето во Белград, Љубљана и итн., веќе се стави на крај заради тоа што и онака Владата нема доволно девизни средства.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

По се изгледа оваа тема малку станува досадна, а и голем дел од пратениците се излезени, а и гледам дел не слушаат што се дискутира. Се јавив за збор од два аспекта.

Прво, мислам дека овој Парламент стана пожарникарска организација за гасење или смирување на пожари. Проблемите во здравството не се од вчера, тие се одамна и не се неочекувани. Со огромниот пад на стандардот и стагнацијата во стопанството ова можеше да се очекува и можеше да се предвиди, па според тоа не сега, затоа што здравствените работници дигнаа штрајк, затоа што запретија со прекинување на работа и под хитно ние тука расправаме. Утре тоа ќе се случи со просветните работници, со работниците што работат во образование, после со работниците што работат во индустријата, јавните институции итн. Според тоа мислам дека Владата бидејки е квалификувана мора овие работи да ги предвидува навреме и навреме да презема мерки, да ги ублажува тие проблеми за да не доаѓаме во ситуација под притисок да ги решаваме проблемите во Парламентот. Тогаш кога ќе ни се направи една таква ситуација, како што беше со земјоделците сега со здравството ние седнуваме во Парламентот и

изнаоѓаме некои палијативни решенија, кои, а тоа е вториот дел за кој сакам да кажам затоа што се остава впечаток дека ние со овие решенија ќе ги решиме проблемите во здравството.

Јас тврдам ниту ќе ги решиме трајно, ниту има основа, ниту има реалност, ние само ќе ги ублажиме тие проблеми со ваква инфузија како што кажаа многу од докторите, а проблемите повторно со целата своја тежина ќе се повторат, повторно ние ќе направиме огромни загуби, повторно ќе бидат незадоволни и осигурениците и тие што работат во здравството или како што помодерно ги викаме во терминологијата и давателите на услугите и оние кои ги користат тие услуги. Според тоа, проблемот е на друго место, господо, а тоа е проблемот на зауставувањето на огромниот пат во стопанството. Јас ќе ви кажам само еден пример, пред 20 години ние имавме стапка од 8%, а сега е 8,6%. Тогаш беше некаде личниот доход од 600 до 700 германски марки, што е денеска еквивалент на 2000 марки, затоа што и марката не стоеше и таа имаше девалвации итн., ако беше во Европа просекот личен доход кај работниците на ниво од 600 до 700, денес е две ипол, три илјади во Германија. И тоа, ако беше 8% стапка беа 160 германски марки за здравството идеа. Денес е 50 до 60 просек, можеби и нешто пониско, а сега е 4 марки до 5 или до 6 марки и тука се проблемите. Нема решение за ние сега да можеме да ги насочиме средствата од нафтата, па да ги покриеме загубите со оние или овие средства и да извршиме прераспределба во буџетот и многу ставки, како што беше овде кажано, да ги скинеме, меѓутоа, утре ќе нема потрошња ни на нафта, па ќе немаме и приходи таму, а и за тој извор има многу претенденти. Според тоа, ние мораме да ја зголемиме материјалната база и брзо во парламентот треба да ги решаваме економските проблеми во стопанството да ја зауставиме оваа хаварија што се случува во стопанството и овој пример кој е очигледен што го изнесов овде да почнеме да се занимаваме со тој проблем за да можеме да ги решаваме сите други проблеми кои се јавуваат во сферата на потрошувачката. Тука е проблемот, тука треба да биде јасно дека ние со овие мерки ништо не решаваме, само ја ублажуваме состојбата и тоа треба да биде јасно на нас и на вработените во здравството, на осигурениците итн. Сметам дека Парламентот крајно време е да почне да се занимава со разрешување на економските проблеми за да можат сите други проблеми да се решаваат.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дамо и господа, овде имаше доста дискусии, поготово од лекарите од овој Парламент кои се наоѓаат,а јас би сакал само накратко за некои сознанија до кои дојдов во Битола со тој штрајкувачки одбор бидејќи бевме поканети по сила на приликите и мораме нешто да истакнеме. Но, пред да почнам со излагањето, би сакал дека често еве и претходниот дискутант дискутираше овде дека ние во Парламентот треба да се свртиме кон економијата. Еден дел токму и за таа економија и за тој потрошувачки менталитет и потрошувачките организации и институции беа на дневен

ред со донесувањето на буџетот на Република Македонија. Вие знаете какви расправии, имавме околу тој Буџет и ние по инерција од стариот систем сите оние што беа корисници на буџетот ги оставивме и во оваа година и во овој систем што сакаме да го градиме како нов, ги оставивме да си ги користат истите средства. Тоа значи дека ние не извршивме диференцијација кои се вистински, прави корисници на буџетот, а кои не. Тука не треба да се лутиме, вклучувајќи го тука и претходниот диксутант кој имаше потполно право и полно право тоа да го каже и ние гласавме. Значи, голема вина за тој дел и за такви буџетски потрошувачи кои не требаше да се најдат во него ја сносиме и самата вина. Конкретно за здравството имаше добри и паметни дикусии, укажани беа сите тешкотии со кои се среќава здравството. Јас сум свесен навистина дека е така. Не само во здравството, туку и во образованието, културата и во сите други буџетски организации ќе се појават такви проблеми, но нашето стопанство е болно. И тоа е во крајната фаза на болест која навистина треба да се лекува. Затоа, ние имаме и Влада и таа Влада треба да понуди одредени решенија, а ние тука како пратеници и преку нашите комисии можеме да работиме и да донесуваме валидни одлуки, решенија и закони.

Овде мерките на Владата на Република Македонија јас навистина како и некои други дискутанти се сложувам потполно дека овие мерки не се докрај издржани и не се во склад со она што ние овде со одредена политика го водиме, а особено планот на земјоделството. Вие знаете дека на претходните седници, поранешните седници доста време дискутиравме околу земјоделството, зафаќањата на земјоделството итн. Овде повторно мене ми се наметнува една мерка која исто така е по тој стар систем кога некоја институција, особено од надградбата е во криза и ние обично го менуваме само стапките на придонесите. Само со менување на бројката добиваме една нова маса и го санираме состојбите. Мислам дека е многу погрешно и не е добар чекор, тука се сложувам со Јордан Зафиров, со неговата дискусија и најлесно ни е нас на закрепостениот селанец, затоа што кај него се знаат и приходи и се е стационирано и најлесно можеме сите зафаќања да ги направиме кај него, а додека за оние накупци, прекупци улични трговци или криумчари итн., шверцери кои се богатат на неоснован начин не можеме никако да ги контролираме греку апаратот на државата, а овде кај земјоделецот тука ни е најлесно и тој ни е најсигурен извор па дај и тука да го зголемиме процентот. Меѓутоа, овде е министерот за здравство и ќе го молам, немам сознанија дали она што го донесовте како мерка овде за зафаќања да не цитирам за здравствено осигурување на земјоделците според член 66 итн., а тоа го имавме и во триесет и седмата точка од дневниот ред, дали овие ваши мислења и предлози се добро и аналитички осмислени и министерот за земјоделство е сложен или дава согласност за оваа мерка да се прифати од страна и на Владата, а да ни ја предложи и нас како пратеници. Затоа, што јас посебно апелирам до сите вас нема да донесеме ваква одлука додека министерот за земјоделство не е тука и другите ресорни министри за кои се однесуваат овие зафаќања овде во оваа Одлука или мерки на Владата за санирање на состојбите во здравството.

Инаку, јас бидејќи присуствував на тие состаноци во Битола и имав едно мало, не задолжение, меѓутоа здравствените работници од Битола се заинтересирани. Посебно до министрот за здравство може и денес таа информација да ни ја даде доколку располага, каков е бодот за последните три месеци јануари, февруари и март за клиниките во Скопје.

Второ, со каква висина на бодот во клиниките ќе бидат затекнати клиниките со Програмата на антиинфлационата програма која ние ја донесовме во овој парламент. На крај, уште едно доста суштествено прашање, каква ќе биде исплатата на другите здравствени установи во Републиката во рамките на министерството. Ова беа едни од тие задолженија кои навистина јас како пратеник морав да одговорам. Уште еднаш апелирам повторно, до колку ресорниот министер за земјоделство не е тука за 37-та точка кога треба да се донесе оваа Одлука за зафаќањата од земјоделството, а и другите ресорни министри да не ја прифаќаме таа одлука додека исцело не се образложи и да имаме јасни и точни аргументи за постпаките што ги правиме. Инаку, не еднаш нешто да донесеме, па после тоа што сме го донеле да го враќаме назад и да биде неблагодарна работа и пред јавноста, а и за самите нас како пратеници овде да го рушиме угледот. Стојам зад сите оние аругменти што ги кажаа овде пратениците од областа на здравството.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателството, почитувани дами и господа, пратеници и членови на Владата. Сметам дека доволно е исцрпена оваа точка и нема потреба многу да дискутираме повеќе, затоа што и од претходната седница и денес се исцрпени материјалите за кои треба да се произнесеме. Меѓутоа, јас сакав само на една работа да укажам дека со опремувањето на сите овие стационари, амбуланти во центарот на Скопје како пак да се заборава на она што го велев на претходните седници дека со концентрацијата на Власта од овој регион, а и си продолжува концентрацијата на стручните служби како во другите служби, така и во однос и на здраството. Повеќето од лекарите се свртеа на дискусиите на опремата, секаде по градовите, а сметам дека требаше да се спомне нешто повеќе и за поголемите центри во селата, селските амбуланти каде што секаде ние велиме дека ќе го развиваме селото, ќе го унапредуваме, еве со некои на идните седници ќе носиме прераспределба на територијата и ќе формираме нови општини, а во тие центри каде што планираме да бидат општини има селски амбуланти кои што во тие амбуланти од опрема имаат, колку јас што сум запознат и одам конкретно во нашата амбуланта и другите селски амбуланти таму има само лекарите од општа пракса по една слушалка и дрвени лажичиња за покажување на јазикот и друго ништо немам видено од опрема во тие амбуланти. Сметам дека не би требало сето тоа да се концентрира овде, туку требаше барем една основна опрема, основни

медицински апарати кои се неопходно потребни за општи испитувања на болестите каде што за ситни испитувања, да кажеме, за крв и други испитувања што во секоја селска амбуланта тие може да се извршуваат, ќе треба да одат да патуваат во градот и да создадат исто така поголеми трошоци доколку извршат услуга за таа работа. Затоа, сметам дека во извештајот и во препораките што се носат да влезе Министерството за здравство и другите стручни здравствени служби и установи да му посветат поголемо внимание на опремата на селските амбуланти. Исто така, и во помалите градови да има опремено по едни добри клиники и амбуланти за да не би дошло за болести кои добро можат да се испитаат и излечат во соседните мали градчиња Битола или другите градови, а ќе треба да ги носиме да ги централизираме сите работи во Градот Скопје. Не со право ни велат градите Република Скопје, Значи, ако сите овие работи ги земеме од сите други служби, центри од просвета, здравство, факултети, ветеринарни, медицински, сето тоа се концентрира тука и почнуваат студентите да спијат по таваните, затоа што нема каде да се сместат во Скопје веќе нема простор а зошто некои факултети не би биле пренесени што одговараат по другите градови. Јас ја поздравувам оваа иницијатива и сум за тоа, дека здравството е во таква тешка состојба и ќе треба да се изнајдат не на овој начин на решенија со ако се изврши притисок и веднаш еве го катастарот еве го придонесот и секогаш ги решаваме проблемите тогаш кога ќе ни прижеже и кога ќе ни се изврши притисок и тогаш ние наоѓаме да носиме наеднаш заклучоци кои заклучоци ништо нема да решат, само ќе накорнат нови рани за да понатаму отворија сите така да настапуваат. Сметам дека здравството треба да се постави на една подруга основа, да се изврши по една друга рационализација и да си го добие своето место. Кога се зборува, јас знам дека тоа многу кошта, ги споредуваме со Германија. Зошто ја споредуваме таа анализа што се вршела таму, толку коштала марки. Нашиот и да сака да го плати тој толку годишно марки нема да земе. Затоа, кога ќе ги сведеме работите треба да ги сведеме на наш стандард сакале или не сакале така ќе биде. Ние мораме на тоа да одиме. Кога ќе го оздравиме стопанството, кога ќе имаме тогаш ќе одиме со такви зафати.

Сега и јас ќе кажам нешто околу точката 37, затоа што сега така е зафатена и да не стануваме повеќе, сметам дека во зем-јоделството како што сакаме тоа да го унапредуваме, меѓутоа, ќе излезе да го уназадуваме. Јас не сакам да го оправдам дека тоа со овој зафат дека го плаќа и дека стигнува тоа што ќе го дадат. Свесен сум за тоа, но свесен сум и за друга причина каде што зем-јоделството со поскапувањето, точно е тоа дека лековите се поска-пеа, се поскапеа и тоа многу и тоа со по 26 пати и повеќе. Согласен сум со тоа да се даде тоа 26 пати повеќе процентот за здравственото осигурување, меѓутоа, од каде ќе му дојде зголемувањето 26 пати на доходот на тие земјоделци. Тоа е прашањето што треба да го решиме. Свесен сум за тоа дека тоа е навистина така, лекот толку чини и дека сите други толку коштаат. Меѓутоа, сега од каде овој ќе најде, ми се чини дека сва ќе дојде некаде 26 можеби и 30 пати повеќе здравственото осигурување на катастарскиот и земјоделскиот доход. А каде ќе го

зголемиме 30 пати повеќе доходот од каде тој ќе дојде за да ги покрие овие трошоци. Тука имаше дискусии, што е тоа ако е со здравство човекот ќе го даде и последниот динар. Точно е тоа, но ако го даде и последниот динар значи, од здравиот сме направиле болен. Кога му ги земаме сите пари какво здравје ќе биде тоа. Или подобро болен да страда или пак од глад да умира. Тоа се две исти работи, која ќе ја избере едната или другата, која е полоша.

Спрема тоа, сметам дека овде не треба на тоа да се удира, туку ќе треба да се најдат извори во Буџетот и да се изврши прераспределба и тогаш добро велевме во Буџетот дека финансираме работи што на некого никогаш му дошло ајде ќе финансираме и ова и кога тогаш велев дајте овие средства да ги дадеме во здравството, рековме треба ова да го финансираме. Ова организација, друга организација и така си бегаат парите и здравството остана без пари.

Велиме да ги израмниме селаните со плаќањето со работниците. Се согласувам дека е така и тој што неможе да покрие треба да доплатува. Дали истото се чини и во работен однос кога е дека вработен, а се лекуваат 4,5 дали тој доплатува ако не го покрива здравственото осигурување. Да кажеме ако е под стечај или зама минимален личен доход, задоцниле плати, зел на друга основа дали таму се надокнадува, а земјоделецот мора да надокнади. Ке му го земат катастарскиот доход, а ако го правиме секаде јас сум за тоа сите да надокнадуваме но на никој не му се одземаат, туку само кај земјоделците. Покрај ова што ќе се изедначат со плаќањето во здравството, тогаш барам да бидат изедначени и со здравствените права како во работен однос. Ние велиме дека се изедначени, а не се изедначени. Со овие две работи што ќе ги кажам 50% не се изедначени. Еве од кои причини.

На пример за породилното боледување, една работничка една година ќе биде на породилно отсуство и тоа ќе и се плаќа од Заводот за социјално осигурување, а една селанка ќе го земе детето и ќе го носи на нива и ќе работи, нејзе не и следува ништо,а ќе плаќа придонеси за изедначување заради недостигот во здравствто. Јас не сакам ова да го велам за здравството, туку за критериумот што го определивме како Влада,како Парламент да плаќаат селаните.

Друго, ќе се разболи еден работник ќе му дадат 6,8, 9 месеци боледување тој си седи дома се лекува и зема од социјално, а овој нема таква привилегија. Овде одат големите пари, а не за 20 аспирини или неколку инекции, не одат толку пари тука. Ова другото е поскапото што не го добива селанецот. И ред други услуги што не ги добива, а велиме да го изедначиме. Не треба да го лажеме, туку треба да му кажеме што го лекуваме и што не го лекуваме. Колку плаќа, дури ни еднаш не ја кажуваме вистината и секогаш ќе создаваме реакција, незадоволство, а на народот треба точно да му кажеме што сме во состојба да направиме, а што не сме во состојба да направиме.Од една страна му велиме да се лекува, а од друга страна

му велиме немаш право. Тоа е едно, а го поддржувам што знам во каква состојба е здравството и ќе треба да се изнајде, а напоменувам уште еднаш дека Министерството за здравство барам да ја преиспита по итна постапка опремата покрај градските особено селските амбуланти да не бидат само со една слушалка и стапчиња за јазикот.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, веројатно самиот се прашувам а и вие што барам тука во оваа група на господа лекари кои продефилираа. Веројатно не заради тоа што ни се на сите мили и симпатични особено во бели мантили. Излегов да кажам искрено дека до сега не успеав да разберам кој за што е. Зошто се и каде се парламентарните групи? Што е спорно во материјалот за кој ние расправаме или кој е на дневен ред. Па, затоа дозволете ми една дигресија мислам дека не со право ние Парламентот полека го претвораме во силно медијско средство. Тоа не смееме да го направиме господа пратеници. ВО Парламентот ред е да вложиме повеќе напори,појасно поконкретно да се произнесеме за материјата која е на дневен ред сето ова дефилирање, сите овие подготовки и заложби треба да ги правиме понапред надвор од Парламентот. Во Парламентот да се обидеме да воведеме малку повеќе ред еден парламентарец кој е претседател на Комисија или на парламентарни групи да добие повеќе време на говорница, раководителите или претставниците по дисциплини и природа на темата за која расправаме да имаат второстепено време ограничено, а другите кои сакаат да дадат дополнување или да дополнат нешто да имаат сосема ограничено време т.е. она нормалното.

Мене лично, што излегов тука, бидејќи веќе излегов ме интересира новиот систем на здравствената заштита на населението колку може тој да биде во вистинска функција на граѓаните. Би молел, ако е можно, а треба да ми простите оти јас признавам дека сум лаик на ова поле, дали постои, дали се наоѓа во салата една личност која може со прост народен јазик да ги дообјасни некои основни претпоставки за темата за која расправаме.

На пример, колку граѓанинот е оптоварен со своите придонеси во здравстовот, дали граѓанинот заради подобрување на состојбите, заради излезот од тешкотијата додатно е оптоварен, колку тоа изнесува колку приближно предвидуваме времетраење на таа преоптовареност или додатна оптовареност на граѓаните, колку тоа може да трае, кога предвидуваме здравството да стане на свои нозе, т.е. кога можеме или смееме да се надеваме да имаме висинско современо здравство во функција на нашите граѓани. Малку вакви објаснувања или дали на пример постојат сознанија колку му чини на граѓанинот или општеството еден со лекар, дали тоа кореспондира соседните земји тоа чинење еден лекар, дали е кај нас поскап, дали е поефтин, ако е поефтин дали тоа се должи на добрата внатрешна поставеност на здравството, ако здравството добро не функционира или

дисперзијата не е во ред, кои се тие основни двигатели, сегменти, фактори кои ќе придонесат за стабилизација на состојбата во здравството. Инаку вака ние лаиците повеќемина во Парламентот и народот можеме д  дибиеме погрешен впечаток особено за мене е оптоварувачко ова што претходеше на оваа расправа.

Оваа расправа требаше да ја направиме сосема во нормални услови без никаков штрајк, апсолутно, бидејќи народот веќе си мисли еве штрајкуваа сега ќе добијат, што не смее во овој Парламент во тој дух ниту да се работи ниту да се прифати, па чувствувам можеби со недостиг на мои сознанија, можеби тоа се должи на мое незнаење, но еве искрено ви велам чувствувам дека има потреба за едно попопуларно толкување на суштината на проблемот.

На крајот ред е да се дадат неколку напомени или гаранции за излезот од ситуацијата. Инаку, ние во се не стоиме добро, тоа се знае, но особено во една држава каде здравството и просветата се за никаде таа држава е под знак прашалник. За сега за несреќа ние скоро на сите полиња сме под знак прашалник, па наша должност е едно 110 едно да ги расчистиме проблемите и тоа наше тежнение, таа наша желба да станеме современо модерно, демократско општество треба да ни биде реално, а механизмите или факторите со кои ќе се раководиме исто така треба да бидат многу реални.

**РИСТО JОВАНОВ:**

Можеби малку доцна се јавувам, пред неколку седници кога расправавме за земјоделието,на пример тогаш реков дека ние станавме најголеми земјоделци уште за малку да понесевме лопати или копачи ќе го изоравме Собранието. Сега кога се расправа за здравството, станавме најголеми лекари, дури специјалисти. Почнавме да слушаме стапчиња, слушалки, па јас имам молба дали можеме некако да ги ограничиме дискусиите, дали можеме да ги приведуваме кон крај оти минатата седница расправавме два ипол часа и сега два ипол тоа се пет часа, а претседателот рече дека ќе работиме само до 17,00 часот заради штедењето, да не останеме цел ден да зборуваме празно, а на крајот да усвоиме заклучоци од три-четири реда. Толку сме веќе неефикасни во овој парламешт што пред некој ден кога дискутиравме за Иницијативата на СДСМ да одиме на нови избори сега како вистински да се покажеме, па затоа господине претседателе ве молам дајте некако да воспоставиме ред оти веќе пет часа дискутираме на оваа тема, а не кажавме ништо конкретно. Еве на пример сите што излегоа си изнесуваа свои проблеми, селски амбуланти, таму почнуваат докторите да оперираат, но тотално ништо не сме кажале, секој си има свое видување, па ве молам дајте некако министерот да ги каже своите работи дали сме за заклучоците или не. Од сите дискусии што произлегоа тоа се толку празни што нема за што да се мисли и што да се вгради во тие заклучоци, па ве молам господа пратеници дајте да почнеме да работиме. Ако тераме една точка на дневен ред по пет часа тогаш ни требаат 45 дена да ја завршиме 38-та седница. Ако господине

претседателе и денеска се држите за она што го рековте дека ќе работиме само до 17,00 часот, а при тоа направиме и една мала пауза од половина час или час верувајте денеска здравството нема да помине.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Тогаш му давам збор на министерот за здравство д-р Перко Колевски.

**ПЕРКО КОЛЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас мислев дека во Информацијата има доволно податоци по првата точка и на комисиите многу обемно ги анализиравме и мерките и искажувањата и право да ви кажам не мислев да се јавувам по првата точка, но некако и првата и наредната по неа ги помешавме во дискусиите, се поставија некои прашања, па најкусо да дадам одговор на тие прашања.

Општо кажано ако се анализираат искажувањата на комисиите и овие искажувања овде, покрај тоа што јасно беше покажано дека целото општество е зафатено со една криза, а во таква состојба прва општествена дејност каде најмногу се искажува таа криза била и во сите земји па и кај нас, тоа е здравството.

Истовремено може да се заклучи дека сите ние сме оптова-рени со тоа, имавме добар здрсвствен стандард порано и сега сакаме истиот да го имаме при вакви услови.

Од друга страна што е можеби најважно се уште сите здрав-ството го сфаќаме како социјала. Ако расчистиме со овие клучни моменти, тогаш ќе добиеме јасен одговор на повеќе прашања кои беа поставени.

По редот на излегување на пратениците ќе се обидам да одговорам на прашањата, како прво се постави дали е наплатено неплаќањето и придонесите со камата на оние организации кои не давале придонеси? Такво нешто не сме направиле, тоа не е од сега неплаќањето на придонесите тоа е со години. Во оваа сала и поранешните собори кога решаваа беа со слични искажувања за здравството и го сфаќаа како еден вид социјална сфера. Ние и сега со овој систем на картони евидентиравме кој учествува во овој систем, а солидарноста се однесува само за учесниците и на овие работни органиазции кои се во приличен број имате показатели во Информацијата со некои сме разговарале, започна плаќањето и понатаму не мислиме да воспоставуваме една ваква работа и се надеваме дека овој закон сега што го изгласавте во Антиинфлационата грограма ќе го спроведеме заедно со овие мерки кои се покажани овде и ќе добиеме резултати.

Во целокупните материјали кои до сега беа во текот на мина-тата

година поставувани и навака во овој период од здравството ако ги сумираме ќе видиме дека оваа материја се анализира и не е точно, јас се согласувам со некои дискутанти дека не очекувавме дека ќе не фати ваква криза. Кризата ја очекувавме ако внимателно следевме во минатиот период уште во септември односно меѓу јуни и септември кога го донесовме Законот за здравствена заштита во август и јас во дневниот печат се искажав во еден разговор со новинарите, а и овде дека ние ќе се бориме да не умре здравството. Буквално со такви зборови.

Тргнавме со поставување на нов систем во здравството во едни исклучително тешки услови и кажавме дека ќе се изградува по пазарна економија во здравството, меѓутоа не и профитно здравство. Никаде државното здравство не е профитно, а и приватното кое сега се поставува кај нас ќе биде со ограничен профит. Овде сепак мора да искажеме колку и да звучи вулгарно, меѓутоа е вистински колку ќе издвоиме како општество, како граѓани финансиски средства за здравствена заштита ќе имаме таква здравствена заштита. Оттука произлегуваат одговорите на овие најклучни прашања дека сите ние ја сфаќаме состојбата во здравството, јас не слушнав некој да се искаже дека не ја разбира, меѓутоа, сите некако предлагаме да се најдат други мерки особено во делот за земјоделието што не се согласуваат но не се кажуваат тие други мерки.

Сакам да искажам уште еднаш дека овие мерки што се направени не се резултат на штрајкот на здравствените работници, тие од јануари месец наваму ја анализираа и усогласуваа состојбата, барани се решенија во зголемување на стапката, направени се контакти, анализи и тие се во духот на антиинфлационата програма, како што се постави прашањето, овие мерки кога ќе се спроведат да обезбедиме акутно решавање на состојбите во здравството во смисла да обезбедиме малку понормална здравствена заштита но не комплетна како што сме имале пред неколку години. Е, сега кога ќе биде здравството во функција на граѓаните? Здрвството е постојано во функција на граѓаните, меѓутоа во кој обем и со каков квалитет. Сега искажувањата овде ги кажаа колегите од Фондот и анализите покажуваат дека имаме 30 долари по глава на жител за издвојување за здравството, а минатата година до септемвр, имавме 105 долари, кога ќе имаме 200 денари ќе имаме перфектно здравство. Кога ќе имаме 105 долари ќе имаме добро здравство како што беше релтативно добро, а со 30 долари ќе имаме вакво какво што го имаме. Јасно и овие мерки се во таков дух да се зголеми внесот на средствата во ова здравство притоа резултатите од подборувањето на здравството ќе се јават дури тогаш кога националниот доход и стопанството, ова што го зборуваа овде, ќе дојде на такво ниво да можеме да издвоиме повеќе средства. Меѓутоа, сега со овие мерки основно е прашањето каков резултат тие ќе дадат. Ние како Влада разгледувајќи ги, а пред се како Министерство усогласување со сите овие комисии кои ги анализираат се обидуваме од идната недела да започнат да се спроведуваат се надеваме дека ќе ја смириме состојбага во здравството  и ќе го подобриме лекувањето на

нашите граѓани. А понатаму после овие 6 месеци апсолутно јас се согласувам со она што и повеќе дискутанти го кажаа, а и во Комисијата за здравство има една таква мерка, за една проценка на целокупниот начин во придонесите на осигурувањето и понатаму проценка веројатно ќе следи во следните 6 месеци, да се надеваме дека антиинфлационата програма ќе даде свои резултати и од идната година дека ќе имаме, а вие ќе бидете сведоци или следниот Парламент ако дојдат избори дотогаш да се изградуваат едни нови мерки кои треба да дадат поконкретни резултати. Меѓутоа, како граѓани треба да учествуваме сите во нив и на овие прашања овде кои што се однесуваат зошто е понудено решение за следната точка бидејќи имаше такви прашања јас се извинувам што сега за неа зборувам, тоа решение сме го имале и порано, со ова решение воопшто нема да се сложам дека има оптоварување бидејќи максимум е околу 20.000 денари годишно. Сите оние граѓани без разлика во стопанството, во земјоделството или на други места итн. кои што не можат, бидејќи ние имаме други механизми преку програмите на социјалната заштита и слично кои што ги добиваат плавите картони и нивното здравствено осигурување ќе биде обезбедено. Да не одиме од каде тие ќе ги платат. Државата преку своите служби треба да обезбеди средства. Од каде ќе можеме ние да ги платиме лековите и сето друго што е потребно за да ја обезбедиме здравствената заштита, ајде така да се прашаме. Основното е во внесувањето на средствата. Да речам дека огромен број сега работни организации и правни субјекти не ја извршувале својата должност да не употребам лоши зборови, се скусувало од средствата што треба да се вложат за сопствената здравствена заштита и јасно е тоа полека каде ќе не донесе, а не довело овде каде што сме сега. Прашањето овде е клучно, колку средства ќе обезбедиме за здравствена заштита, се разбира во делот на потрошувачката, јас апсолутно се согласувам ние имаме анализи и постојано следиме, имаме и вакви кризни програми, држани се многу често состаноци со сите здравствени организации, со директорите на здравствените организации, во голем дел и таа точка што овде ја напаѓаат полипрагмази и слично некаде и се спроведува, меѓутоа, ова тешко време во сите сфери како што постои јасно овде го набива електрицитетот многу повеќе.

Во врска со другите прашања кои што беа поставени како и околу личните доходи, ние ви дадовме овде материјал, погледајте го внимателно, точно се дадени мартовските исплати и ќе видите секаде каде и како се движи. Бидејќи очекувавме вакви прашања исто така и кој град колку средства вложува, колку троши итн. Во глобала сите како граѓани внесуваме помалку, а трошиме повеќе. Се лекуваме на еден кредит кој не однесе во една ваква загуба од 5 ипол милијарди и сега таа загуба треба да ја решаваме. А со овие мерки треба да обезбедиме да учествуваме како граѓани реално со своите придонеси и оној дел што е во потрошувачката во здравството, за кои повеќето од вас бара рационализација на здравството кој не можам да се сложам дека не е започнат, тој процес е започнат, меѓутоа, не е како во работните организации треба многу добро да се промери, да се оцени исто така во таа рационализација јасно е, а ние доставивме повеќе материјали и во минатиот период кои што вие овде ги

усвоивте и дадовте свои мерки, сакавме уште еднаш да ги актуелизираме овие мерки бидејќи очекуваме во овој период наскоро дека ќе треба да следи таа трета фаза во разрешувањето, во реформата на здравството ќе наидеме на големи проблеми кои веќе се покажуваат и има разидувања во ставовите и во денешната дискусија што овде се покажува и како не е во дух рационализацијата со поставување секаде амбуланти, секаде апарати итн., како и правење мали клиники и сл. Тоа го имавме да речам општинско здравство досега и тоа не доведе овде со таа потрошувачка и се потребни хируршки резови за да се исправат тие така да речам промашени. Ние имаме градено хотели во повеќе градови, единствено каде што најмногу болните се лекувале, каде што искористеноста е 100% не сме граделе, односно е почнато пред 10 години и дури сега се гради.

Јас би ве замолил, а тука се најдени и други решенија да не ги оставаме проблемите во смисла град со град, концепциите се дадени околу мрежата на здравствените установи, а вие тој материјал го усвоивте пред неколку месеци, а ние тој материјал сега го спроведуваме и во иднина ќе го спроведуваме. Претпоставувам дека во следниот период прво пратениците што се од Скопје ќе ја напаѓаат таа политика од Министерството за здравство бидејќи некои организации ќе треба да се угасат, а потоа и други од различни градови и тогаш ќе водиме објаснувања и други битки.

Јас би ве замолил, да не должам повеќе, ако има и други конкретни прашања, бидејќи овде долго време помина за оваа точка, стои Министерството на располагање за сите показатели и во анализите гледавме најдетално да ви ги покажеме тие средства. Слушам во некои собранија оформиле комисии да испита кој град колку дал придонеси за здравство и зошто не се трошат тие придонеси во тој град, меѓутоа, заборавиле дека нивните болни во друг град се лекуваат. Тие прашања далеку ќе не одведат Да не бегаме од главниот проблем. Внесуваме толку пари во здравството, за тие пари не можеме да обезбедиме здравствена заштита тоа треба денеска да се има во вид и јас би ве замолил оваа точка, информацијава со тие предлог мерки да ја усвоите, а да не излегувам повторно за втората точка, но ако има потреба ќе излезам на говорница и следната точка да ја усвоиме, бидејќи ако не ја усвоиме со толку малку средства не може да се обезбеди здравствена заштита на таа категорија на земјоделци. Ако не се сложите со таа мерка ќе ги исфрлите од системот на здравственото осигурување. Ние сега даваме картони без наплата затоа што повеќе марката чини за тие решенија и праќањето на тие услуги. Не е тоа оптоварување, дајте да ги бараме решенијата за земјоделците во регреси како што се тргна во другата политика, во другата сфера, да обезбедиме повеќе средства за нив, а не во нивната здравствена заштита.

Би апелирал и за таа точка да се прифати впрочем таа беше разбрана и од Комисијата за земјоделие и тие ја прифатија и на овие

штрајкови кои што беа јас учествував, разговаравме имавме повеќе состаноци итн. Мислам, кога мирно ќе се изнесат тие показатели е јасно и тоа се минимални средства. И овие средства кои што сега ќе влезат јасно е дека се тие минимални, меѓутоа, ќе дојдеме до една реална здравствена заштита во едни вакви услови, да не дозволиме како сега да толку се паднати материјалните услови за да се работи и постои шанска навистина некој човек да отиде, затоа што имаме минимални средства. Овие работи ги помагаме што досега го одржуваме системот кој порано ќе се распаднеше, некои веруваат, некои не веруваат за тоа, само благодарение на тоа што во Македонија е собран само еден фонд. Ако останеа повеќе фондови неколку градови веќе ќе беа далеку во покритична фаза од оваа. И за ова има показатели и тоа јасни, не сакам овде да ве оптоварувам, кои сака од пратениците нека повели сите показатели ќе ги изнесеме. Јас се надевам дека ова мое апелирање ќе го при-фатите и се надевам дека и по оваа точка за мерките ќе се сложите а и онаа втората точка за тие мерки, а ние си земаме обврска мак-симално да ги спроведеме и другите мерки кои што се предвидени и во следниот период да создадеме подобри услови, подобра здрав-ствена заштита.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?(Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот што е содржан во извештајот на Комисијата за здравство го ставам на гласање.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (70 пратеника).

Дали има некој против?(Никој).

Дали некој се воздржува?(Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 37 - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за стапките и основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување во Македонија.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство, Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно-правната комисија, ви се доставени односно поделени,

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Со оглед на тоа што Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет го добивте на завчерашната седница, јас ќе се потрудам да ве информирам за одлуката која што ја донесе Комисијата за финансирање и буџет, а повеќе излегам и заради тоа што имаше критики од поодделни пратеници кои што дискутираа по претходната точка.

Комисијата по разгледување на оваа одлука оцени дека со предложената одлука не се обезбедува правичност на сите земјоделци во однос на оптоварувањето по однос на придонес за здравствено осигурување на оваа категорија осигуреници од аспект на тоа што без оглед на големината на земјиштето што го поседуваат земјоделците тие плаќаат еднаков износ така што тој би бил поголем за земјоделците кои што не остваруваат најнизок катастарски приход.

Мислам дека имавте доволно време да ја погледнете измената на одлуката од член 8 став 2 каде што се зборува дека во колку осигуреникот земјоделец не обезбеди доволно по основ катастарскиот доход кој што е сега 15% во висината на најниската цена на работната сила, а таа сега е 21.300, тогаш со оваа одлука однсоно со оваа измена на член 2 се предвидува осигуреникот да плаќа 2,8 по член на семејство односно 8,6 што значи се изедна-чуваат не повеќе од 8,6 со осигурениците кои се во работен однос. При услови на оваа одлука каде што имаме еднаква основица од 21.300 и еднаков процент за сите земјоделски осигуреници така да без разлика на посевот на земјиште дали еден земјоделец осигуреник или два односно 5 декара земја, а друг има 100 декара земја со оваа одлука плаќа еднаков придонес за здравствено осигурување кој што овде вие го немате , а ние на Комисија го пресметавме овие критериуми би требало некаде по 2.580 денари или годишно по 30.000 денари да плаќаат, да плаќа еден земјоделски осигуреник. Ако видиме сето ова од она што значи принцип на солидарност мислам дека овде имаме обратен ефект, оној што има помалку би плаќал за оној што има повеќе земја, а додека кај вработените осигуреници тоа е обратно, спрема големината на личниот доход секој плаќа со еднаков процент на стапка.

Комисијата истакна дека со предложената стапка во одлуката покрај обезбедување на приливот на средства планираното нови на потрошувачката за здравствена заштита можно е зголемување на овие средства над обемот утврден со закон за ограничување на потрошувачката за општите, општествени и заеднички потреби во 1992 година. Комисијата констатира дека со предвидената стапка во одлуката зголемувањето ќе изнесува за околу 24 пати повеќе во однос на сегашната обврска што земјоделците со најнизок катастарски приход ќе значи зголемено оптоварување. Што значи на база на овој закон однсоно 8,6 највисока стапка ние на Комисијата пресметавме дека сега вие имате и во материјалот во прилог на одлуката еден преглед дека по 15% од катастарскиот приход се собираат 74 милиони, а додека по измената од 8,6 би се собрале 1 милијарда и 800 милиони динари, или тоа во споредба според сегашните зафаќања од земјоделството би

изнесувале 20 и тоа просечно зголемување, што значи кај земјоделци кои што имаат помали катастарски приходи тоа би било некаде и до 50 отсто, а кај оние кои што имаат поголеми помалку од 24 односно 10 или 15%. Што значи едно просечно зголемување за 24 пати.

Иако во распределбата беше изнесено дека со Законот за здравствена заштита се обезбедува изедначување на осигуреници земјоделци со другите работници во поглед на правата на здрав-ствена заштита сепак преовлада мислењето дека нема~такво изедна-чување. Тука претходниот дискутант мислам Мицевски зборуваше во поглед на правата на земјоделците и другите осигуреници и во поглед на обврските. Сега со овој процент од 8,6 се изедначуваат во обврската додека во правата сепак не се изедначени.

Комисијата не ја оспорува потребата за обезбедување на планираните средства за здравствена заштита туку става забелешка на начинот на прибирањето на овие средства. Комисијата доста сериозно и аналитички и пристапи на оваа одлука и воопшто не го оспорува износот кој што треба да се обезбеди. Овде доста беше зборувано по претходната точка во поглед на состојбата во здравството, меѓутоа има забелешка во поглед на начинот како што реков во поглед на начинот како што претходно истакнав со исто оптоварување се оставаат земјоделците осигуреници без разлика на поседот кој што го поседуваат. Во таа смисла Комисијата смета дека е потребно да се преиспита целокупниот систем на здравствена заштита од аспект на финансирањето, принцип на взаемност, солидарност и организација и ефикасност на здравственото осигурување.

Комисијата заклучи да му предложи на Собранието да не ја усвои одлуката за дополнување на одлуката за стапките и основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здрав-ствено осигурување во Македонија од причините наведени во овој извештај.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, дами и господа

Во изминатите неколку часови и од претходниот ден и од овој ден многу работи беа кажани и во информацијата кои што навлегуваат точно и во оваа одлука. Искажани беа доста забелешки, искажани беа доста голем број недостатоци од средствата кои што се собираат во фондот, односно кои што се распределуваат во здравствените работни организации. Меѓутоа, уште со неколку податоци ќе ве потсетам и ќе укажам дека навистина средствата во Фондот за здравствено осигурување недостасуваат. Минатата година на крајот на декември, на 27 декември ги донесовме стапките за здравственото осигурување и уште тогаш укажав дека со овие стапки и на работничкото и на земјоделското осигурување фондот ќе влезе во загуба од 1 милијарда и

600 милиони денари. Значи со свесна загуба навлеговме во она што поради инфлацијата која што настапи во изминатите неколку месеци, а својата кулминација дојде кон крајот на април можевме да видиме дека средствата за здравствено осигурување недостасуваат. Имено, ако според пресметката кон крајот на месец март потребите за здравството беа 3 милијарди и 750 денари во Фондот за здравствено осигурување се собраа некаде околу 2 милијарди денари, а 1 милијарда и 700 милиони денари останаа непокриени. Министерот изнесе дека здравството се покрива од средства кои што доаѓаат на кредит, меѓутоа, јас би рекол уште потежок збор дока здравството се издржува на вересија. Така да, во една таква состојба ние не можеме како здравствени работници нормално да ја обавуваме својата функција што се произнесе и во последниве неколку месеци, особено во однос на недостигот на лекови и друг потрошен материјал. Според тоа, овие искажани загуби особено и во работничкото и во земјоделското осигурување се и оправдани што дојде до една ваква одлука на Владата, односно на Министреството здравство да ние како пратеници во овој Парламент овие одлуки за зголемување на стапките на придонесот на земјоделците и на партиципацијата ја усвоиме.

Имено, жалосно е тоа што никој од претходните дискутанти не изнесе дека земјоделците плаќаат 20 пати помалку здравствен придонес во однос на работничкото осигурување иако се изедначени скоро со правата во однос на здравственото соигурување. Така да недостигот на сресвта од 150 милиони денари месечно на земјо-делците точно ке биде надокнаден со тој придоенс од 2,6 до 8,6 некој тука погрешно рекоа до 8,6 а тој процент ке го плаќаат оние кои имаат петочлено семејство. Оние што се со едночлено или дво-члено семејство тие ке си плаќаат 2,6, 5,2 итн.Јас прашав бидејќи имаме голем дел здравствени соигуреници од работничко осигурување во едно семејство каде што 3 се доба 2 работат а издржуваат само едно дете мајка итн. Жалосно е тоа некој од работничкото осигуру-вање да го издржува не само во текот на изминатата година туку тоа беше пракса работничкото осигурување да го издржува земјоделското осигурување во изминативе неколку 10-тина години. Многу пати овдека се изнесуваат предлози дека треба да се предложат други решенија. Кога беше донесуван законот односно предлогот на буџетот ние како здравствени тогаш рековме дека недостасуваат средства. Така предложивме во однос на превентивата да се партиципира од Фондот со 400 милиони денари, што е усвоено од овој дом. Меѓутоа за недостиг на средства од 1 милијарда и 300 милиони денари за болните што сс на хронична дијализа, за материјалните трошкови на хроничната дијализа, тој предлог беше одбиен. Предложивме 500 милиони денари да се усвојат за недостиг на лекарства. Исто така овој дом го одби тој предлог. Сега јас се прашувам какви средства да предложиме, можеме да ги усвоиме и овие па во тој случај да бидеме и ние задоволни, а и луѓето што ги лекуваме. Како што изнесе претставнккот на Комисијата за фианнсирање и буџет, јас како претседател на Комисијата за здравство со таква одлука не можам да се согласам. Мегутоа Комисијата за з емјоделство и Законодавно-правната комисија се произнесоа и ги прифатија з аклучоците на Министерството односно се придружија на Комисијата за

здравство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката,

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 2 и 3 со кои се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (57)

Дали има некој против? (10)

Дали некој се воздржува од гласање (3).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за пополнување на одлуката за стапките и основиците за пресмету-вање и плаќање на придонесите за здравствено осигурување на Ма-кеоднија.

Давам пауза до 14,00 часот а потоа ке продолжиме во 14 и ќе работиме до 18 часот.

(ПАУЗА)

(ПО ПАУЗАТА)

Продолжуваме со работа. Предлагам да минеме на 26 точка Предлог на закон за државјанството на Репбулика Македонија.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијта за општествено-политички систем, Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност, Комисијата за меѓунационални односи, Законодавно-правната комисија, Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правцната комисија поднесе амандман на член 5 став 4, член 28 и на член 29, пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 28 и член 5 став 2 и 3, а Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана поднесе амандмани на член 7 став 1 точка б,

член 15, член 17 став 3, член 22, став 1 и на член 24 со кој се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на глава II точка 1 член 4 став 1 точка 3 член 4 став 1 точка 3 за додавање нова точка 4 став 1 за додавање нов став 2, на глава II точка 2 член 6 став 1 и 3 на глава II точка 3 и 7 став 1, точка 2, член 7 точка 3 и 6 и став 2, член 8, член 11 став 3, член 12 став 2 и 4, член 15, 17 став 3, член 18, член 19 став 3 и 5, член 20 став 2, член 21 за додавање нов став 3, член 22, член 24 за додавање нов член 25, за додавање нов член 26, меѓутоа на седниците на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Законодавно првната комисија ги повлече.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 2, член 7, став 1 точка 2, за додавање нова точка 3, член 7 став 1 точка 3, и член 9, член 10, член 14 став 2, член 17 став 1 точка 3 и 6, член 21 за додаваше нов член 22, член 26  став 1 и 3, член 26, за додавање на нов член 27, член 27 за додавање нов став 3, член 27 за додавање нов член 28, член 28 за додавање 29, и член 29 од пратеникот Кирил Ковачевски поднесе амандмани на член став 1 точка 2 и на член 26 став 3, пратеникот Агим Фазлиу поднесе амандман на член 26 став 3, група пратеници на ПДП поднесоа амандман на член 26 став 3, пратеникот Абдурахман Халити поднесе амандман на член 26, став 3, а Комисијата за меѓунационални односи поднесе амандман за додавање нов член 27, со кој не се согласи претставникот на предлагачот.

Минувам на амандманот I.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (7)

Според тоа констатирам дека Собранието не го увои амандманот поднесен од пратеникот Тодор  Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 точка 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?  (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7

став 1 точка 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 7  став 1 точка 2, за додавање нова точка 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 1 точка 2 за додавање нова точка 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам прретрес по амандманот на член 7 став 1 точка 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 1 точка 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 точка 2, поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандамнот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13)

Констатирам дека  Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 1 точка 2 поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од Тодор

Петров.

Молам, кој бара збор( Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 14, став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 став 2 од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1 точка 3 и 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор ?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17 став 1 точка 3 и 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 21 за додавање на нов член 22 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?(5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 за додавање на нов член 22 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 став 1 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 3 поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски.

Молам, кој бара збор?

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Всушност јас имам поднесено 2 амандмани. Едниот амандман е на член 7 а вториот е на член 26.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Првиот амандман на член 7 не е усвоен е одбиен. Сега искажете се за амандманот на член 26.

Во членот 26 покрај другото се бара тие државјани што ке ги примиме во Република Македонија да го почитуваат Уставот и законите на Република Македонија. Исто така има еден додадок што се бара да престојувале во Република Македонија повеќе од 30 години. За почитување на Уставот и законите имаме овде од Владата не се согласува, но јас би ја прашал за несогла-сувањето, кога е многу јасно овде, јас ви кажувам многу јасно што велам, ке кажам со некој пример, прво непочитување на Устав и закони, на пример еден човек, ако при престојувањето во Република Македонија, не почитувајќи ги Уставот и законите, како што е изградил една диво градба. Тоа е непочитување на Устав и закони. Не плаќа данок, узурпира земјиште, како можеме тие луѓе да ги примиме за државјани. Држави со поголема демократија од нас таквите луѓе сите ги враќаат, не ги прифаќаат, а ние тие луѓе треба да ги примиме во нашата држава. Што се однесува за тие 30 години при приемот на првата фаза, зборувавме и сега не би зборувал.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа јас уште кога беше на дневен ред преднацртот на овој закон во ова Собрание зборував за одредбите од токму на овој член 26 став 3. Во однос на времетраењето на пријавено живеење на територијата на Република Македонија од страна на граѓани на другите републики на бившата СФРЈ.

Тогаш говорев дека постоењето на ова државјанство што имаше автоматизам доаѓаше од одредбите на член 249 од Уставот на СФРЈ каде граѓаните на СФРЈ се автоматски и граѓани на оваа држава, па веднаш вториот став каде се вели истовремено да има и одредено веднаш републичко државјанство. Овде одредбата на овој вака распореден член беа одредбите во поделните услови на тогаш поoделните

социјалистички републики покажува дека постои републичко државјанство кое веднаш по автоматизам дава и југословенско државјанство. Значи постоеше една согласност и се оставаше право на секој граѓанин откако ке има државјанство на една од било кога република, автоматизмот да е добивање на југослвоенското државјанство.

Но во секој случај кога ке дојде до распаѓање на една ваква федерација или заедница на живеење, значи останува да стои основното државјанство на таа република односно држава. Сепак поради создадени односи во една заедница на живеење се бара ова живеење на други републики, ако биде легално односно пријавено да има некоја бенефицирана работра со која ке може да се добие саканото друго државјанство односно од републиката.

Да направиме една разлика што господинот Кирил Ковачевски, и господин Петров дадоа предлог за измена кај член 7 каде се бараше одобрување на државјанство од стран државјанин што значи дека ке треба да се оди, овие луѓе кои живееле на територија на друга република и имале државјанство од друга република, во моментот на субцесијата односно на распаѓање на државата да добијат третман на странци. За да би имал една привилегија тие луѓе при местото на живеење треба да имаат едно законско боравање на таа територија. Меѓутоа во секој случај, дами и господа добивање на едно друго државјанство предвидува една друга форма. Тоа е постапката за отпуштање од државјанство, било кое каде го имал, за да не дојдеме во заблуда дека овде постои автоматизам. Сите оние кои имале државјанство во друга република а живееле на територија на оваа Република ова не е автоматизам и тогаш тие луѓе имаат само еден услов кој што го исполнуваат за признавање, за добивање на друго државјанство, и за нив ке трае постапката за добивање на државјанство. Ако не е вака тој ке има две државјанства, а сигурно прописот што ке го донесе министерот за процедурата и постапката за добивање на државјанство ке предвидува повеќе да нема друго државјанство. Во постојниот закон, дами и господа, се предвидува дека македонскиот државјнин може да има и друго државјанство, а не и друг државјанин, автоматски да добива македонско државјанство. Според ова кога некој живеел како државјанин без да бара во таа република дошол без да бара отпуст од републиката од која дошол и државјанството кое го имал од каде дошол, имал право да бира и му биле поповолни и радикални и неограничени условите за добивање на државјанства, тсгаш ние ако сакаме да воведеме автоматизам, ке воведеме респективен рок на траење на живеење. И во право е предлогот на господин Кирил Ковачевски дека ова кога некој имал слободно без некој да нешто да го ограничува или да му бара да се определи за место на живеење и државјанство да има многу поголем рок.

Тој рок треба да биде, јас и тогаш реков, не го дадов амандмански бидејќи имаше амандман тоа требаше да биде уште еден но кога има еден нема потреба повеќе, да биде 30 годишен рок. Видете што, ние овде немаме страни луѓе. Секој сака да докаже дека сме ние

староседелци на овој камен. Од што се плашиме ако за некого кој сака да дојде од страна или дошол така непроверен да му го ускратиме тоа право. Законот за државјанство не ги задира правата човековите права и слободи. Законот за државјанство е заштита на државата или поточно речено заштита на територија. Според овој основ сметам дека штом ние толку дојдени, овие се сите тука родени пред повеќе време, пред 30 години и повеќе, немаме потреба некому да ограничуваме. Ова се однесува за оние кои дошле подоцна. Затоа сметам дека во овој момент, кога економските односи имаат сосема приматен основ кога ќе се одлучи некоја држава, рокот да се зголеми. Секогаш дека имаме колапс на стопанството, тешки се економските услови, а правиме либерални постапки за лица кои не воделе сметка за своето живеалиште порано.

Од овие причини предлагам да се прифати амандманот на господинот Кирил Коавечевски и рокот на признавање на државјанството по основ на место на живеење биде најмалку 30 години.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Морам да кажам дека ова не ми е струка, меѓутоа да укажам на една околоност за која секако мора да се води сметка.

Колку што знам, како граѓанин, ние до распаѓањето на Југославија, наша, толку сакана, ѕнаевме само за Југославија како држава. Сите републики по ослободувањето дојдоа до државност. Затоа прво бевме државјани на Југославија па потоа се друго.

Оттука, размислувањето, дали треба да се оди толку рестриктивно со правото на држава сега, кога Македонија фактички ја инаугурираме како држава. До неодамна таа имаше само државност стекната со одлуките на АСНОМ што ни се познати на сите. Затоа да размислиме и околу ова, па потоа да одлучиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи главен аргумент на оние што се залагаат за политичко-територијална автономија на албанското малцинство во Република Македонија е бројноста, соочени со едно такво сериозно загрозување, не смееме да ја пропуштиме можноста со еден демократски инструмент со општо признат во демократската пракса на сите земји, да ја заштитиме Република Македонија од тоа загрозување и со едно подлабоко враќање наназад и определување на државјанството на нејзи-

ните граѓани да го елиминираме главниот аргумент на албанските сепаратисти, иредентисти, шовинисти кои имаат намера да ја федерализираат Република Македонија, како прва фаза пред да пристапат кон реализација на проектот Голема Албанија.

Од таа причина го поддржувам амандманот поднесен од господин Ковачевски и сметам дека 30 години е најмал период што ќе даде некакви резултати во поглед на заштита на суверенитетот, територијалниот и националниот идентитет на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

На дневен ред имаме закон за државјанство на Македонија а немаме никаков закон за објавување или прогласување на автономна и политичка федерална поделба на Македонија, за што стана збор во претходната дискусија.

Сметам дека можев да предложам амандман според кој ќе се утврдува државјанство 50 години наназад па ќе видиме што ќе биде понатаму.

Инаку, не е својствено на овој Парламент да зборува за вакви односи дали луѓето плаќале или не плаќале данок, дали државјанството се поврзува со неплаќање данок, како што стана збор или пак со 30 години живеење во оваа Република која ја сметаме исто така како држава и на Македонците и на Албанците за што се залагаме цело време дека тоа е заедничка држава. Навистина не доликува да бараме такви аргументи кои воопшто не стојат. Ако стојат тогаш да предложам во име на Парламентарната група стаж на престој во Македонија 50 години.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Голубовски бара да реплицира бидејќи е спомнат во дискусијата на Мурати.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

За оние за кои не бев јасен, се работи, за механичкиот прилив кој е најголем дел од таа бројност на која се повикуваат иредентистите од ПДП и НДП и сметам дека Парламентот мора сериозно да размисли пред да се одлучи за ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Жал ми е што морам повторно да кажам, како и минатиот пат, водиме маркетиншка расправа. Го ценам излагањето на господин Голубовски кој наоѓа можност на овој начин да се истакне, мегутоа мислам дека треба да му се приговори посебно на претседателот кој на овој начин ја води седницата.

Беа двајца дискутанти, во прашање беше овој амандман. Зошто не се произнесоа по амандманот? Дајте да работиме! Вака ли ќе ја тераме работата? Зошто напразно го губиме времето?

Затоа молам, претседателе да водите сметка нека се изјаснуваат по амадманите. Кога ќе дојде расправата пооделно по членови, тогаш нека се расправа. Но, во општиот претрес мислам дека никој не се јави и нема потреба сега да се јавуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас многу внимателно слушам што зборуваат дискутантите. Зборуваат аргументи зошто се за амандманот. Само така ги сфатив. Ништо друго. А, тоа, дали ќе им се усвои нивното образложување или не, тоа е друга работа. Неможам да им кажам во расправата по амандманот не можете да наведувате аргументи што ве определуваат за поддршка или за противење на амандманот.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Никој не се повика на амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Голубовски се повика на амандманот на Ковачевски. Треба внимателно да слушаме.

Друга работа е дали некој се согласува со него или не. Тоа е работа на секого на совеста. Секој има право да зборува.

Има збор Агим Фазлиу.

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Јас немав намера да се јавам по амандманот на господин Ковачевски, бидејќи имам амандман и по тоа ќе јавам меѓутоа по диску-сиите што следат морам само накратко, ако имам таква можност излегов да го советувам господин Ковачевски да се исполнат желбите и на госпо-динот Голубовски, нека излезе и нека предложи амандман кој живеел во Македонија пред 2000 илјади години само тие да можат да добијат држа-вјанство на Македонија. Само толку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам зборувајте за амандманот. Сега имаме амандман на член 26 став 3, поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски.

За збор се јави господин Нецати.

**НЕЏАДИН ЏАФЕРИ:**

Сум настојувал секогаш да бидам ладнокрвен и сум настојувал во мојот речник да не употребувам големи зборови како господинот пратеник Голубовски. Сум настојувал граѓаните на Македонија да не бидат навредени со вакви зборови од своите пратеници кои пожелно дочекаа во еден плуралистички амбиент со демократски ладни глави навистина да расудуваме за идната една уште непризнаена сиромашна и мала репуб-лика.

Бидејќи Македонија сеуште не го нашла својот субјективитет надвор од сопствената почва, исто така сите настојуваме умно,без навреди од оваа говорница да ги убедиме прво сопствените колеги овде, а потоа целото население во нашата Република дека конфронтациите не не води никаде, а токму сега треба совесно да расудуваме за овој закон.

Јас не ќе предложам ниту пет, ниту илјада години за стекнување државјанство на Република Македонија. Не ќе предложам ниту 50 години. Знам само тоа дека до вчера бевме државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, до вчера сме имале таква слобода сопственото живеалиште кога сме сакале да го менуваме, до вчера сме имале можност сопственото его да го задоволиме со сешто, а денеска на сите тие граѓани од нашите бивши републики да им овозможиме своето државјанство ако сакаат да го стекнат во Македонија нека тоа биде на еден коректен однос спрема нив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Немав намера да дискутирам, меѓутоа имам едно прашање до господин Голубовски.

Дали господинот Голубовски пресметал според овој амандман колку Македонци дојдени од источните земји нема да добијат државјанство. Мислам на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одговорот фактички може да го даде Владата бидејќи проектот и Законот се од Владата.

Инаку, ве молам, вообичаена парламентарна практика е од говорницата еден пратеник на друг да не поставува прашање затоа што пратениците се избрани од народот и никому не одговараат. Тие

одговараат на идните избори дали ќе бидат избрани. И, ако направат кривично дело одговараат пред суд, ако овде им биде укинат мандатот. Инаку, никој овде не може да го праша пратеникот и тоа никаде не се прави. Ова се однесува за сите.

Има збор господин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господа пратеници, вие знаете дека овој амандман од Владата не е прифатен. Имено, воопшто овој член не е замислен така со него да се креира во смисла на една или друга тенденција во Македонија, стеснување или проширување објект на државјаните на Република Македонија, туку има техничка природа.

Точно дека со него можат да бидат погодени различен тип на граѓани. Последното прашање не е воопшто наивно. Точно е дека од различна националност граѓани можат да бидат погодени. Токму тоа го покажува неговиот технички карактер,  а не карактерот на тенденција да се креира некаква политика.

Имено, овие 15 години се поврзани само и единствено за датумот на престанувањето на водење на книгата за државјанство на Република Македонија која е завршена во 1977 година. Со овој рок се надоврзуваме на тоа. Имаме техничко покритие на државјаните бидејќи и претходните граѓани на Република Македонија биле државјани на Македонија, не само на СФРЈ, туку на Република Македонија па и на СФРЈ. Никакви други карактеристики тука нема и приливите се случувале неколку години порано. Воглавном се завршени неколку години претходно.

Според тоа, не држат аргументите што го врзуваат овој член за креирање на некаква посебна  национална политика. Тоа е од чисто техничка природа и Владата смета дека треба ваков каков што е, членот да остане.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Се јавив исто така и за амандманот и да дадам одделни појаснувања, односно укажам на некои работи кои пратениците до оваа говорница, кај нив создаваат одредена забуна.

Не се работи за чиста техничка работа, како што кажа министерот за внатрешни работи. Република Македонија не востановува државјанство од денес од кога ќе го донесе законот. Законот за

државјанство постои од 1950 година, републичко, односно државјанство на Република Македонија. Тоа не е измислена категорија од денес, ако ние сега ја утврдиме во Законот. Преодните и завшрните одредби се состојат, не се чисто техничка работа заради тоа што навистина треба да се изврши одделно разграничување меѓу граѓаните кои се а кои не се државјани. Пред се,  заради тоа што и во Законот за лична карта што е понуден, лична карта може да добие граѓанин на Република Македонија кој е државјанин на Република Македонија.

Во одговорот  на Владата на Република Македонија се вели дека евиденцијата за државјани на Република Македонија не постои потполна. Ако ние граѓаните сега ги задолжиме во рок од две години да ја заменат личната карта, а Министерството за внатрешни работи ќе мора сам врз основа на книгите со кои располага да им издаде лична карта само на државјаните, а вели дека таква евиденција устроена до сега не постои, се прашувам на кои лица и врз основа на кои критериуми ќе им биде дадена лична карта кога нема да се знае дали се воопшто државјани на Република Македонија.

Би сакал само да укажам дека од 1950 година, можеби некој ќе каже зошто е одбран периодот од 15 или 30 години, дека тоа може да се прави намерно за да се ускрати правото на некого, по основ на механичкиот прилив да не му се признае правото на државјанство на Република Македонија. Не станува збор за тоа. Ние, законодавната материја,во поглед на стекнување на државјанството мора да е врз основа на постоечките закони за државјанството и ништо повеќе од тоа. Во Законот од 1950 година кога за прв пат е востановено државјанство на Република Македонија, наведени се токму критериумите врз основа на кои лицата можат кои живеат на територијата на Република Македонија  во било кое населено место да се стекнат со државјанство на Република Македонија.

Во тој закон, во преодни и завршни одредби, исто така во еден член 26 се вели дека лицата кои живеат на територијата на Република Македонија можат да  примат државјанство на Република Македонија кои на ден 6 април 1941 година имале место на живеење на територијата на Република Македонија, до 30 јуни 1948 година дале изјава пред Извршниот одбор на околискиот, односно градскиот одбор дека сакаат да бидат државјани на Република Македонија. Тоа право било дадено за сите, ако некој граѓанин тоа право не го искористил, државата нема основ да му дава поправен рок, или да го ослободи од обврската која била утврдена со законот. Министерството за внатрешни работи во одговорот на едно пратеничко прашање, а и самиот во одговорот на овие амандмани вели дека во Република Македонија не постои таква устроена евиденција за државјаните на Република Македонија според условите кои што биле утврдени во Законот од 1950 година. Нареден закон е донесен 1965 година и во тој закон повторно се вели: за државјанин на Република Македонија се смета лице кое на денот на влегувањето во сила на овој закон имало државјанство на Републиката. Што значи, морало да бидат исполнети условите од Законот од 1950 година за да се продолжи со државјанството од 1965 година. Понатаму,

постоечкиот и важечки закон од 1977 година повторно се вика во член 26 во преодните и завршните одредби кој е важечки закон: како државјани на Република Македонија во смисла на овој закон се смета лицето кое според досегашните прописи имало државјанство на Република Македонија. Апсурдот ќе настане во моментот кога ние ги тераме граѓаните да ги заменат личните карти, а велиме дека лична карта ќе добијат само државјаните на Република Македонија, а Министерството вели дека евиденцијата на државјаните фактички е ваква каква што била устроена во законите, не ни постоело во тоа Министерство за внатрешни работи. Тогаш на кое лице ќе му се издаде замена на личната карта кога ниту Министерството ќе ја нема евиденцијата за тоа кој е, а кој не е државјанин на Република Македонија. И затоа сметам дека и постоечкиот закон во членот 9 има одредба за прием на државјанство на Република Македонија од друга Република. Во државјанство на Република Македонија ќе биде примен државјанин на друга република кој во моментот на поднесувањето на барањето наполнило 18 години и има живеалиште на територијата на Република Македонија. Тоа што тоа право утврдено со Законот не го искористил,а сега Република Македонија не ја обврзува да му даде година од рок по поправен испит, па сега ќе измислуваме некои категории 15, 30 години за да евентуално на граѓанинот му го ускратиме тоа право, му дадеме, или не му дадеме државјанство на Република Македонија. Затоа сметам дека преодните и завршните одредби воопшто не се формулирани според постоечката позитивна законска регулатива. Сметам дека би требало да се прифатат и оние кои се во Законот досега утврдени како кри-териуми за добивање на државјанство на Република Македонија.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сакам да направам жесток приговор на изјавата на надлежниот министер што така неодговорно ова прашање го сведува на категоријата техничко прашање. Треба да сфатиме дека ова е единствена прилика на демократски начин без да ни замери светската меѓународната јавност да го решиме еден од најактуелните прашања што не вознемируваат во Републиката. Треба да знаеме дека ако не-одговорно постапиме денес и во оние случаи кога оправдано ќе пове-дуваме кривична постапка за оние што ќе атакуваат на државноста на Република Македонија ќе имаме проблем со меѓународната јавност. Мислам дека не може ова да биде техничко прашање. Мора да има политичка димензија посебно што е од таква природа што сега мораме правилно да постапиме. Ке имаме сериозни проблеми. Ова прашање може да ескалира доколку бидеме неодговорни денес во комбинација со други некои параметри и до граѓанска војна. Слушаме денеска какви најави има за тоа во Косово што се случува дека некои граѓани ја напуштаат таа територија итн. Ние како да не сме свесни што се случува околу Македонија и во Македонија. Апелирам денес до Парламентот да се прифати амандманот на господинот Ковачевски.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас најостро протестирам против ваквата дискусија на пратеникот

Голубовски. На ваков начин заканувачки, да знае госпо-динот Голубовски дека нема да заплашува ама баш ниеден Албанец. И на ваков начин ќе ве молам немојте понатаму да продолжите. Со најави на граѓанска војна, со најави за апсења итн., да знаете дека не не води овој пат на добро. И вака господинот Голубовски никогаш нема да го разбере меѓународната јавност. И апелирам јас напротив апелирам амандманот да не се прифати затоа што најверојатно ќе има последици по граѓаните. Или ако пак сакаме ние ретроактивно дејство да создаваме со овој закон, тогаш дајте од 1945 година наваму да ставиме граница, па ќе видиме и колку Македонци кои се дојдени од надвор Ќе ги тангира овие одредби. Мислам дека ние напротив треба да пристапиме на секој лојален граѓанин од Република Македонија да му овозможиме да добие државјанство согласно одредбите на Законот а не да се враќаме по 30, 40 години наназад. Ние ако така пристапуваме јас би го поставил прашањето обратно. Дајте да знаеме тогаш колку Албанци од Македонија се отидени во Косово, или пак некој друг поинаку ќе го постави прашањето со Турците, со Македонците итн. Не е проблемот во тоа дека една Македонија ќе биде позагрозена ако еден број на граѓани ќе им се овозможи да добиваат овде државјанство. Напротив таа Македонија ќе биде појака.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБ0ВСКИ:**

Прво, не беше упатена закана на албанското малцинство со граѓанската војна, туку тоа беше обраќање до македонскиот народ да се соочи со реалноста дека може да му се случи граѓанска војна ако биде невнимателен денес, односно ако претставниците на маке-донскиот народ денес неодговорно се однесуваат. Тоа што припад-ниците на ПДП и НДП реагираат на таков начин само е потврда дека тоа што го кажав сум во право. Тие и сфатија на што може да еска-лира тоа прашање. Овде денес од нивна страна, тие веројатно и понатаму ќе излегуваат на говорница, немаше контра аргументација достојна да се земе во предвид. Останувaат националните македонските интереси и денес да се псстапи спрема тоа прашање. Тоа е наша одговорност како пратеници на македонскиот народ. Сега на прагот кога ја градиме македонската држава за прв пат, ќе правиме држава што треба да опстои, или ќе правиме нешто што знаеме дека уште утре ќе се руши.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сепак расправаме за еден конкретен амандман. Пренагласувањето на различни политички мотиви можат да ги ослабат позициите на било која намера и нејзината легалност да ја оспорат.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, неколку денови некој господин тука е загрижен од меѓународната јавност и сака овие луѓе да ги протерува, а за тоа да не знае меѓународната јавност. Меѓународната јавност не се занимава со такви ситни работи како што тој мисли и ние немаме

забелешка на тие 30 години, дека тие 30 години се однесуваат на Албанците. Тоа не е точно. Ние имаме забелешка дека 30 години е многу бидејќи тие граѓани досега биле граѓани на една општествено-политичка креација која се викала досега Југославија. И по таа логика тие автоматски биле и граѓани, државјани на Македонија. Тоа е нашата забелешка. А дали тоа 30 години ќе ги погодува во најголем број Албанците, или Македонците дојдени од сите краеви на светот тоа ќе го докаже времето. Тоа ре е предмет на расправа. Ние велиме дека 30 години е долг период и затоа периодот што е предложен од страна на Владата донекаде е прифатлив, Не е толку прифатлив, меѓутоа, донекаде е прифатлив. И ние не знаеме точно колку Албанци има тука што немаат право на државјанство, што и тој не знае точно колку Македонци има тука што нема да имаат право на државјанство. Немојте за тие работи да се повикуваме на јавноста, секој има свој народ, меѓутоа во Парламентот луѓето не дошле тука да ги повикуваат народите на војна. Тоа не е наша задача, ниту пак треба да биде наша намера. И такви ниски дисквалификации не би требало да ги слушаме. И апелираме на другите пратеници на ПДП ако случајно уште еден пат овој господин пратеник излезе тука, да не му обрнат внимание, бидојќи не заслужува внимание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа кој како сака ќе си обрнува внимание, тоа е негово право, а без оценки за поединци.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувани пратеници, и почитувано Претседателство во врска со поднесениот амандман на другарот Ковачевски поставувам прашање. До сега кое државјанство беше прво, југословенско или пак републичко, односно македонско. Јас знам дека додека постоеше Југославија сите се чувствувавме како југословенски државјани. Затоа и веројатно никому не му текнувало покрај југословенското да го побара и републичкот државјанство. Се сметаше дека по ова последното произлегува од југословенското државјанство. Затоа многумина и не го искористија правото да го регулираат ова прашање на републичко државјанство. Впрочем, до неодамна никој не очекуваше дека ќе се распадне Југославија. Затоа и предлагам амандманот на другарот Ковачевски како таков и да се префрли. Додека ова што го рече другарот претходен дискутант дека сите говорници и пратеници овде кои што влеваат на таа тензија, поготово на меѓунационална основа, поготово господинот Голубовски. Јас мислам дека безпредметно е за него овде да се зборува.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, на почетокот веднаш да кажам дека го поддржувам амандманот на господинот Кирил Ковачевски за член 26 став 3 каде што се предлага наместо 15 да стои 30 години за стекнување на државјанство на Република Македонија од другите републики на поранешна СФРЈ. Меѓутоа, сакам да кажам една работа. Ние сме сведоци

овде дека секогаш непотребно се доведуваме да поедини точки од дневниот ред секогаш расправаме за меѓунационалните односи.

Јас само би потсетил, незнам зошто господата од албанските партии тука се видоа самите себеси, или некои свои сонародници во предлогот наместо 15, да биде 30 години. Јас колку што знак тие стално се изјаснуваат дека се автохтон народ во Република Македонија. Но, тоа да го оставиме. Мислам дека странец во членот 7 убаво стои во точката 2 и точката 5 стои дека странец може стекне државјанство на Република Македонија со постојан престој во Република Македонија од 5 години и да го владее македонскиот јазик, па тука се однесува и за ова како, на кој начин Македонците кои се на некој начин избегани, или протерани од Република Грција за време на граѓанската војна, како и на кој начин ќе го стекнат државјанството на Република Македонија, затоа што сите знаеме дека тие го владеат македонскиот јазик.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (28 пратеници креваат рака).

Констатирам дека Собранието не го усво амандманот на член 26 став 3 поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 поднесен од пратеникот Агим Фазлиу.

Молам, кој бара збор?

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Почитувани колеги, кога го поднесов амандманот намерата ми беше да придонесам при донесувањето на системските закони посебно овој закон кој е од големо значење за секоја држава доколку е можно да не влијае дневната политика. Пред се, сакам да укажам дека член 26 како што е формулиран посебно рокот од 15 години престој во Македонија за граѓаните од другите републики на поранешна Југославија за добивање државјанство на Република Македонија е резултат, јас сум убеден на дневната политика, посебно од односот, предрасудите и стравот од приливот на Албанците во Македонија. Овој рок од 15 години според

мене е воопшто неприфатлив бидејќи пред се е недемократски и во суштина нема да реши ниеден проблем од областа која го регулира овој закон, туку само ќе создаде политичка клима на недоверба во Македонија и проблемот на граѓани без државјанство. За Македонија во овој период на осамостојување и барање за добивање на независност како држава, за нејзината демократија не е сеедно како ќе го реши овој проблем. Републиките Словенија и Хрватска сега независни држави при донесувањето на овој закон имаат многу дилеми и проблеми бидејќи се сметаше дека во Словенија околу 200 илјади граѓани од другите републики се соочуваат со проблемот на слове-нечкото државјанство. Но, и по сите колебања Словенија колку мене ми е познато постави услов само 5 години престој за добивање на словеначкото државјанство. Иако се знае дека во Македонија е многу мал бројот на граѓаните кои не го имаат регулирано проблемот на државјанството,а според нецелосни сознанија најповеќе до 10.000 граѓани. Единствен аргумент на предлагачот е тоа што последниве 15 години, поточно од 1977 година не е водено евиденција за маке-донското државјанство. Можеби ова е точно. Но, зарем граѓаните можат да се виновни и да бидат обесправени за неспособноста и водењето политика на државата и државните органи која не била во склад со интересите на Македонија. При распаѓањето на една заедничка држава и создавање на посебни нови држави овој проблем не може да се реши еднострано. Не може да се стави рок од 15 години за граѓани со кои сеуште имаме исто државјанство во која заедничка држава имаше слободен проток, според мене скроз би било еднostран и тенденциозен. Затоа овој проблем мора да се реши со договор меѓу републиките на поранешна Југославија, а ова најправедно и најуспешно може да се реши во комисиите за сукцесија при Хашката конференција за Југославија, сегашна Бриселска конференција.

Не сакам да бидам погрешно сфатен, јас сум за тоа да се води јасна политика кој и под кои услови да добие државјанство на Македонија, бидејќи тоа е во интерес на сите кои живееме во Македонија. Но, откако ќе го донесеме овој закон и понатаму, а не со овој закон да поправаме грешки од минатото. Поради тоа барам ова Собрание да има повеќе разбирање за проблемот и да го гласа амандманот.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Во смисла на поддршка на амандманот сакам само уште нешто да додадам. Сметам дека со членот 26 став 3 каде што се вели рокот од петнаесет години потребни за добивање на државјанство на Република Македонија, сметам дека е долг. Со оглед на тоа што другите републики, веќе беше кажано како го имаат регулирано овој проблем, па и Македонија би требало да има ист пристап кон ова прашање, Уште повеќе кога од Законот точка 3 од член 3 околу начинот за добивање

на државјанство со продување, ставен е условот од пет години странски државјанин да престојува во Република Македонија, а со тој период од пет години се смета дека странскиот државјанин се природувал односно ги стекнувал условите за да се здобие со државјанство на Република Македонија. Кога ќе сс спореди тоа со 15 години за државјани  кои до вчера биле во некоја смисла и државјани на Република Македонија, со самиот факт што Македонија беше во СФРЈ, сметам дека ќе се онеправда еден голем број на грагани кои еве живееле во некоја заедничка татковина со другите републики, а сега им се потребни дури 15 години наместо, да речеме за странците каде се бара пет години услов за стекнување на државјанство по пат на природување. Во некоја смисла во Владата и тоа прашање евулираше, јас од информациите што ги имам во првата варијанта при изготвувањето на овој закон, дури тогаш беше предвидено само пет години потребни како услов 'за добивање на државјанство. Но, еве незнам од кои причини, од кои односи на силите дојде до тоа овој рок да се продолжи место пет, 15 години. Сметам дека овој рок е долг и затоа амандманот на господинот Фазлиу сметам дека е прифатлив, кој во некоја смисла ги ублажува критериумите за граѓаните на досегашната СФРЈ во Република Македо-нија.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Само ќе поставам едно прашаше бидејќи јас не можам да разберам една работа заправо што станува тука во врска со овој амандман.

Поставувам прашање до Владата кои се причините што, по мене, Владата ги смета за поинтересни странците отколку оние што се тука родени. Дали може на тоа прашање да ми се даде објаснување зошто има поповолни услови за стекнување на државјанство за странците отколку за оние кои живееле во поранешна Југославија.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Јас предлагам овој амандман да не се прифати. Мислам дека, барем за правниците многу јасно од кои стојалишта, формално-правни и уставно-правни Владата односно предлагачот, во случајов Министерството за внатрешни работи ја дава оваа преодна одредба, Навистина да се сфати дека се работи за техничко надополнување на она што со евиденцијата помеѓу Законот за државјанство од 1977 година до денес не е направена. Законот за државјанство од 1977 година и преоѓањето од една република во друга, значи пријавувањето на живеалиштето и т.н. одело со поднесуваше на барање. И таму се четирите услови како што се овде три односно дополнително со одредбата по основ на меѓународни конвенции да се стекнува државјанство. Така да тоа надополнување што треба да се направи за да се устрои таа евиденција е нужно да постои оваа одредба од 15 години. Не се работи, ако ставиме 30 или 50 дека за тие кои ги исполниле условите од член 7, да речеме, бидејќи се тие истите услови и во стариот Закон за државјанство, дека тие веќе еднаш се стекнале со државјанство на Република Македонија. На овој член по мое убедување е единствен проблем за кој  мислам некој повторно ќе

се наврати, а тоа беше како дилема бидејќи во процесот на Бриселската конференција за Југославија би требало да биде една од темите на Комисијата за сукцесија, да се расчисти тој реципроцитет помеѓу стекнувањето на државјанство, бидјќи треба да разбереме дека и ние имаме од тука, македонски државјани во другите републики и ние како Република сме должни да водиме грижа и за нивниот статус таму. За мене повеќе е прашањето околу двојното државјанство како една од многу проблематични категории, бидејќи практично со овој амандман за државјаните од другите републики се стекнува двојно државјанство, бидејќи овде нема претходен предуслов да се откаже изјава да даде, да бара согласност од другата република. Според тоа, овој однос спрема бројот на годините навистина би требало да се сфати само како техничко пребродување на она што управата во Република Македонија, односно управната пракса во Југославија не го правела во однос на евиденцијата. Овде се работи за евиденција и тоа се поповолни услови за стекнување не како сега овде последниот дискутант што кажа дека нас сега повеќе ни стало за странските државјани. Не е точно. Со членот 26 поповолни се условите за стекнување, бидејќи овде е исклучен само еден од условите во член 7, а тоа е познавањето на јазикот. Меѓутоа се претпоставува ако некој 15 години легално живеел, работел, сите овие услови ги има исполнето дека и јазикот го знае. Меѓутоа во конкретните случаи ќе се види и тоа.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Јас не сакам да полемизирам туку само сакам да укажам на некои историски податоци.

Во 1981 година Македонија брои 1.200 илјади Македонци. Сега Македонија брои 1.500 илјади Македонци, значи над 200 илјади остануваат без државјанство. Ако предлогот на Голубовски се прифатеше, Македонија брои 1 милион Македонци. Значи 500 илјади Македонци остануваат без државјанство. Ве молам, оваа Република е и моја држава, дајте заеднички да размислуваме како треба. Или пак ако одиме во 1912 година има 600 илјади Македонци, 500 илјади Албанци и Турци. Дајте еднаш трезвено да размислуваме како пратеници и да видиме како треба тоа да го направиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е предлогот на Голубовски, предлогот е на Ковачевски.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Околу предлогот на Ковачевски јас предлагам друг амандман да се види од 1912 година, па да се види што е и тие Турци да се вратат во Македонија, тие имаат куќи, имаат имоти, имаат се во Штип, во Кавадарци и на други места. Да се расчисти. Да се формира една комисија ако може.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Дали претставникот на Владата сака да одговори на некои прашања кои беа упатени до неа?

Има збор министерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Овој амандман Владата исто така смета дека не треба да се прифати, со истите аргументи, меѓутоа од спротивно становиште од претходниот. Имено точно е тоа што беше речено досега, да не го повторувам, дека е тоа техничко прашање и незнам кого треба се да убедуваме. Се работи само за едно дообјаснување кое треба се даде овде.

Условите во член 26 не се потешки за државјаните од другите републики туку се бенифицирани, односно полесни во однос на странците, условите за странци од член 7. Таму има 7 кумулативни услови во кои дури четири не се бараат во овој случај . Тоа е однесува за познавање на јазикот, се однесува за отпус од другото државјанство и се однесува за едно дискреционо право кое кој орган соодветен во државата го има, а тоа е да процени дали примањето на државјанството ќе ја загрози безбедноста на Републиката. Тоа е такво право кое го има Републиката во однос на странците кое во овој случај го нема, а со тоа може да се елиминираат огромен број на странци од примањето на државјанството доколку има таква политика. Оттаму овие услови се далеку поповолни, со тоа што овде се утврдува само рокот на престој кој се врзува со овие технички параметри, што претходно ги спомнав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да спомнам, кога странец се прима во државјанство, во ова дали води сметка за безбедноста на Републиката, влегува и плаќањето на данок. Тоа е секаде, во сите земји. Лојалноста се утврдува и со тоа дали плаќа данок.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20 пратеници).

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 став 3 поднесен од пратеникот Агим Фазлиу.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 3 поднесен од група пратеници на ПДП.

Молам, кој бара збор?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани пратеници, јас во себе немам толку негативна енергија па да бидам намрштен тука и да повикувам, најавувам граѓански војни како господинот Голубовски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте постојано да се повикувате на личности.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Меѓутоа, во врска со амандманот поднесен од група пратеници во кои сум и јас, дали забележувате дека тука има нешто индикативно. Ние пратениците од ПДП и НДП бараме поолеснителни околнос-ти за да се добие државјанство од 5 години. Замена по некоја логика тоа е дека сме доста лојални на оваа Република Македонија, а тие што бараат 30 и повеќе години тука јас малку се сомневам, колку што се сомневаат и тие во мене.

Меѓутоа, во Предлог-законот во членот 7 став 2 имаме и некои олеснителни околности, со пет години да се добива државјанство. Исто така во член 26 пак со 15 години. Јас би барал во овој случај објаснување од министерот Фрчковски, кога, каде и во кои прилики граѓанинот за да добие државјанство може да ги користи тие олеснителни околности со пет години и кога со 15 години. Значи ние остануваме на тоа и јас бидејќи сум потписник на тој амандман, државјанството во Македонија да се добива со пет години затоа што таму имаме и образложение дека навистина тие граѓани што до вчера беа граѓани на СФРЈ со државјанство на СФРЈ да имаат потешки критериуми и услови за добивање на државјанство не е фер, а еден странец со природување, со пет години да добива многу полесно државјанство.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас сакам една мала исправка да дадам заради објектив-ност во информирањето, а согласно позитивната законска материја. Не се работи за тоа некој да е полојален затоа што бара пет, а другиот е нелојален на оваа другава затоа што бара да се почитуваат позитивните законски прописи и дури законодавецот за тоа што го предлага не нуди ограничување за овие државјани што биле државјани на СФРЈ до сега. Законот бил дури и многу либерален. Меѓутоа ако некој не го искористил своето законско право, не значи дека

законодавецот го ослободил од обврската за сега да побара дополнителни услови заради тоа што ги пропуштил роковите. Член 9 од постоечкиот закон дури предвидува во државјанство на Република Македонија ќе биде примен и државјанин на друга Република кој во моментот на поднесувањето на барањето наполнил 18 години и има живеалиште на територијата на Република Македонија. Ниту една ограничувачка одредба од било кој закон во Република Македонија не му го скратила правото на оној граѓанин и лице кој се наоѓа на територијата на Република Македонија со живеалиште јавено и со наполнето 18 години да може да го добие државјанството на Република Македонија. Проблемот е во тоа што досега во сите републики на СФРЈ имаше во различните републики републички закон за државјанство. Единствено Република Србија го немаше тој закон и го воведе со право да може да го прими државјанството секој Србин по род кој живее на целата територија на СФРЈ, токму после крвавите настани на боиштата во Хрватска и тоа од сосема препознатливи при и заради територијалните аспирации на секое парче земја од СФРЈ каде што живеат Срби. Зато јас сметам дека законодавецот досега зопшто никакви ограничувања немал во поглед на ова право. Меѓутоа интерес на објективноста и на пратениците сакам да спомнам и едно излагање на повереникот на Министерството за внатрешни работи тука е нелогичноста, односно манипулацијата со член 26 и споменуваниот член 7. Лице кое што има законски претстој и живеалиште на територијата на Република Македонија четири години, во рок од една година нема да поднесе барање, добива статус на странец и тогаш нему не му се потребни 15 туку само пет години, по основ на член 7. Дури Министерството за внатрешни работи кажа дека, па кога дојдоа ве ПДП кај нас на разговор со поставено барање што ќе правиме за член 26 ние им кажавме па користете го член 7. Значи член 7 е отворена дупка во Законот за државјанство кој овозможува манипулирање со одредбите во законот.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господо пратеници, поаѓајки од фактот дека со Законот за државјанството на Република Македонија практично се регулира многу важно прашање на граѓаните со што се воспоставува единствено државјанставо за граѓаните од оваа Република. Законот го сметам како суштинско прашање за оставрување на демократијата, стабилност и просперитет на Републиката. Ценејки ја тежината на овој Закон, со кој граѓаните можат да се доведат во една нерамноправна положба должни сме во вакви моменти сите ние да почуствуваме одговорност со чиста совест и отворено да разговараме за сите проблеми во врска со ова прашање.

Законот по својата содржина не е во согласност со европските стандарди, бидејки рокот 15 години за стекнување право на

државјанството на Република Македонија е предлог без реална основа и дискриминаторски за сите оние граѓани, државјани на другите републики на поранешна Југославија, кои имаат пријавено живеалиште на терито-ријата на Република Македонија.

Потребно е да напоменам и тоа дека законската одредба во член 7 за стекнување државјанство на странците се условува со 5 години престојување што значи по поголем услов во однос на членот 26 каде е нормирано со 5 години. Ако правиме споредба помеѓу член 7 и 26 може да се заклучи дека повеќе дава приоритет на странците во однос на нашите граѓани кои без своја вина сеуште непоседуваат државјанство, Затоа барам от пратениците да го прифатат амандманот поднесен од пратеничката група на ПДП и НДП бидејки е време да се ослободиме од националниот комплекс и да се помириме со реалниоста ако го сакаме мирот во овој регион. Да не испаѓаме смешни со ваквите бројки во Законот, бидејки убеден сум дека и така не можеме да го истераме од граница само што не го исполнува условот.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Излегов на говорница да го изјавам следното. Целосно сум заинтересиран и сета моја преокупација, интелектуална и човечка се должи на желбата нашата Република Македонија да донесе што по-современи подемократски закони. Ништо повеќе, можеби и ништо помалку. Многу, и потполно ми е јасно што е и наедно и многу трогателно и многу жалосно. Ние пратениците во ова сала, поголемиот број како воопшто да не умееме нашата мисла да ја истераме малку подалеку од националната луштуга. Ослепени од тој многу тесен круг, национален ценам дека и на оваа говорница внесуваме многу немир, многу незадоволства, зборуваме со многу претпоставки апсолутно неводејки сметка и непрашувајки се колку поседуваме знаења и способности за темата за која излегуваме на говорница да кажеме нешто.

Мислам дека бидејки е појдовната позиција на нас тука различна, една граѓанска и албанци и македонци и господинот Фаик Абди една нациоанлна, многу македонци и некој Албанец тука. Ние господа очигледно е јасно дека и за овој Закон не треба да се согле суваме потполно, но никој не ни дава за право да вреѓаме еден друг, тука еден до друг седиме и заедно работиме. Мислам дека никој не поседува тапија да зборува во име на народот. Никој. Нека некој се огади малку, нека биде малку поскромен, нека зборува во име на тие две илјади, три илјади па и 10 и 15 кој му дале глас, но нека зборува ако му е дозволено, ако има ингеренции и во име на партијата која ја застапува. Ценам дека обидите од каде и да се, и од албанци, и од македонци, и од ѓаволи, од кого и да се на национална база тоа е одамна минато поминато време. Денешното време, народот на Македонија бара нешто друго. Сосема друго бара. Пропагаторите на политиката во Македонија врз национална база очигледно е јасно секогаш потпикнуваат и рационални страсти. Поттикнуваат ниски мотиви кај

луѓето тие истапи најповеќе се насочени да го испровоцираат тоа што е најтемно, да ги поттикнуваат националистичките импулси да ја потттикнуваат омразата и да испровоцираат немир, страв и конфузија. И, веќе ни е сосема јасно. Некој изгледа не може да спие зошто во Македонија нема немири.

Друга позиција на која мислам дека и јас и припаѓам е граѓанската. Грижата на граѓанинот да во Македонија создаваме услови за демократијата и за продлабочување на демокрстките процеси. Кога сме тука да ги потсетам пропагаторите на кационаланта политика на две работи.

Треба да го имаат наум, воопито да не заборават дека Македонија е многу етничка заедница. Нека не заборават дека поголеми поперспективни се силите кои се ангажираат со се срце и многу искрено за цивилно мултинационално општество. Јас лично говорејќи и за овој закон, мојата грижа или подршка кон предлогот на 5 години би била самоусловно доколку добивам гаранција дека навистина овој период условен, од 5,10 или 15 години, сум за 15 ако 15 најповеќе одговарат на носителот напредлогот побезболно да ги решава процесите на граѓаните во процедурата на добивање на државството. Ако тие мислат дека 5 години е премалку, или во тие 5 години има нешто оптеретувачко тогаш тоа нека се каже и ми се чини дека секој од тоа ќе се откаже. Мотивот е хуман, сељутски. Во тоа нема апсолутно ништо ниту фамилијарно ниту национално.

Очекувам со право овој закон да внесе мал чекор плус во продлабочување на демокрстските процеси и да ја донесе расправата кон зближување на нашите погледи врз барјакот или знамето на демократијата и рамноправноста. Сето друго од каде и да е треба да е туѓо на овој Парламент.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господо, навистина високо го респектирам овој говор на господинот Ештреф Алиу, меѓутоа сметам дека од оваа говорница некои работи постојано се потестежираат така суптилно и така нечувствително. Јас сакам да истакнам дека од оваа говорница не треба да се истакнува поимот мултинационална заедница Македонија. Овде на балканот станува збор за етнички, историски држави, а не станува збор за мултинационални држави општстества, ако што е Австралија, Америка и други. Ако погледнеме во етничкиот состав на Македонија од кои се националности е составена оваа држава, ако погледнеме во соседна Албанија во соседна Грција, во соседна Бугарија, ќе најдеме скоро сличен или ист идентичен состав. Тоа не значи дека и тие се мултинационални држави, а знаеме дека тие веќе во Обединетите нации фигурираат прво на национален основ, после се друго. Она што е дури и национално малцинство, дури во некои од воие соседни земји не фигурираат воопшто. Значи, Македонија воопшто не треба да се третира како мултинационално општество, туку како

традициоанлна држава на балканот и од тие рамки понатаму не можеме да излегуваме. Тука е факт, македонската нација постои и нема да испари. Таа ја има и во соседна Алабанија и во соседна Грција, и во Бугарија и во Србија итн. и тоа не треба да биде пречка воопшто за нашите расправи во Парламентот, туку тоа треба да биде мост за зближување. Меѓутоа, за да се направи таа работа какао што треба од овој Балкан треба да испарат еднаш за секогаш тиа сеништа на минатото. Но, за жал тие во секоја прилика се пласираат и овде, се пласираат кај нашите соседи и ние незнам кога воопшто ќе најдеме чаре барем еднаш да седнеме на една преговарчка маса, балканска маса и да ги видиме сите овие прашања отворено и еднаш да го премостиме тој јас. Мислам дека и овој амандман што беше предложен од ПДП да не се прифати да се оди на гласање,

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Ми се чини јас изнесов мои став, мои размислувања и моја желба. Ниту дадов наредба ниту ставив печат. Тоа го правам заради еден голем број пратеници, тука, а заради некои пратеници верувајте воопшто не би било потребно да се излезе на говорница.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници и моето е реплика, но со мало закаснување.

Пратеникот Ештреф Алиу кажа за некои навреди, за некои провокации, а и јас сум за тоа, длабоко се согласувам со него и не би сакал ни навреди ни провокации, но сепак сум и навреден и провоциран од пратеникот Исмет Рамадани.

Тие пратеници што бараа државјанството да се третира над 30 години ги нарече не фер и нелојални, додека тие 5 години се фер и лојални на Македонија. Би ги прашал јас тие пратеници што бараат над 30 години се борат исцело за самостојност на Македонија, за нејзиното признавање, додека некои пратеници и тука што ги имаме створаа репулика Илирида. Дали се тие фер дали сме ние фер.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Не сакам да реплицирам само сакам да кажам на Парламентот дека во Македонија 1912 година живееле точно 600 илјади славо-македонци, 500 илјади албанци и турци, 100 илјади турци и власи и 30 илјади роми.

(Реагирање на пратениците)

Ова е цела вистина, па сега како сакате, или амандманот 30 години губите 400 илјади граѓани кои остануваат без државјанство

или овој.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Подоцна ќе се јавам во врска со членот 7 од Законот за државјанство, мегутоа, излегов да го повторам моето излагање од завчерашната седница кога реков дека овој Парламент е зрел за распуштање. Тогаш реков дека овде се поделивме на леви и десни, на лојални и нелојални, на големи македонци, мали македонци. Господа пратеници, јасно се гледа дека ВМРО-ДПМНЕ ми делува како неорганизирано...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дискутирајте по Амандманот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Се поставувате како полојални граѓани и сето тоа. Заради времето, Ве молам колеги дајте да работиме оти ВМРО беше овој Парламент да продолжи со работа и дека ќе придонесе за признавањето на Македонија. Јас мислам дека на оваа говорница се покажува обратно.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мене ми е многу жал што постојано реплицираме, меѓутоа мора да реплицирам кога се изнесуваат неточни податоци,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие сте сега на ред, вие имате параво, не како реплика туку како дискусија.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас барав реплика, вие не ми давате реплика мене, меѓутоа, на господата од албанските партии им давате реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, им давам збор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Значи реплика не ми давате, да ја напуштам говорницава?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, зборувајте, вие сте сега на ред.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Да се изнесуваат податоци од турско време кои што се однесуваат само на солунскиот вилает и да се употребува дека албанци и турци имало 500 илјади, па ќе ве замолам јас колку што знам албанците се посебна нација, а турците се посебна нација, Колку имаше албанци, колку имаше турци, такви податоци може да бидат валидни, а не две нации да ги ставаме во една нација итн. Такви неточни податоци не може да се изнесуваат и тие податоци се изнесуваат само на солунскиот вилает.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас излегов да го изразам својот протест од начинот на водењето на седницата. По законот за државјанството имаме амандмани и претседателот на Собранието дозволува тука да се држат предавања по историја, ова не е некој семинар по историја, колку македонци имало 1912 година и да се манипулира со тие податоци. Исто така протестирам што се дозволува да се држат лекции од говорницата на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Го молам претседателот да се води според деловникот за да можеме нормално да работиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас молам помош од пратениците за тоа. Јас никогаш неможам да предвидам кои зошто земал збор. Јас мислам оти земате и барате збор за она што е на дневен ред, а потоа обострано, од сите страни овде има предавања политички, дури има и истапи. Тоа е невозможно човек да го предвиди. Ако сакате да ја прекинеме седницата може. {реакција во салата од пратениците). Ако сакате да работиме и да ја завршиме работата треба сите тоа да го почитувате, а не да протестирате овде кога другиот зборува неадекватно, а кога вие зборувате тоа е друго и тоа тогаш ви претставува предност.

Ве молам, дали некој за амандманот бара збор (никој). Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 19 пратеници.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26, став 3 поднесени од група пратеници на ПДП.

Отварам претрес по амандманот на член 26,став 3 поднесен од пратеникот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, морам да ви кажам дека слушајќи денеска оделни дискусии се зацврстив во убедувањето дека многу чесните луѓе нетреба да се занимаваат со политика. Еве зошто, кога го напишав амандманот, сакам да ми верувате дека немав предвид ниту македонци, ниту албанци ниту други, туку ја имав предвид Република Македонија и нејзиниот легитимитет како демократска држава. Ми се стори дека овој член е рестриктивен и мислев дека не ја афирмира Македонија како демократска држава. Затоа напишав амандман таков како што се надевам сте го прочитале. Зошто ова го велам, затоа што во членот 26, став 3 ако добро сте го прочитале не пишува дека тој се однесува на албанци, непишува дека се однесува на македонци дојдени од незнам каде, туку се однесува на луѓе кои што се државјани на Република Македонија односно тоа требало да бидат. Значи, сакам да ја разјаснам мојата позиција тука, таа имено е многу чесна, многу чиста. Од чисти позиции сум го напишал амандманот, од овие ако успеав да кажам зошто го напишав. Сега разбирам дека тука има нешто што не го пишува во Законот, а за да се вклопам во тоа ќе ви кажам дека членот 26 е во преодните и во завршните одредби и тој не уредува начин на здобивање на државјанство во Република Македонија затоа што начините, познатите начини во меѓународното право за здобивање на државјанство се регулирани во другиот текст на законот. Овој член премостува една дадена ситуација, една постојна сосотјба. Имено, според мое сваќање се работи за следното. Сите ние тука и тие што живеат надвор нас не гледаат сега и што живеат во република Македонија до вчера живееле во СФРЈ, имале државјанство на СФРЈ на Република Македонија. До 1977 година ,таква евиденција за државјаните на Република Македонија се водеше и според закон. Од таа година таква евиденција не се води. Од тука зачудува фактот зашто го врзуваме рокот од 15 години кои што се совпаѓа со времето додека сме имале закон односно со времето од кога немаме закон, затоа што ситуацијата е тука многу јасна.

Според важечкиот Устав на СРМ до вчерашниот и со Уставот на СФРЈ секој имал право да го избере местото на живеењето. Можеби се случило некој дошол тука, се пријавил кон надлежниот орган, пријавил место на живееше, бил пријавен и тој направил куќа, купил стан, отворил дуќан итн. И никој со ништо не му спомнал дека треба да бара прием во македонско државјнство. Сега по 15 години затоа што ние сега се формираме како држава и за да докажеме дека сме многу самостојни, многу независни и многу јаки ние ги ревидираме прописите што сме, ако сме требале да ги донесеме пред 15 години. Ве молам, во што е вината на човекот кој дошол пред 10 години, легално престојувал во Република Македонија, никој со ништо не му замерил зашто тој тука живее и сега ние да му бараме законит престој 15 години.

Тој со пропис не бил должен тоа да го направи и во таа смисла мислев и сеуште мислам дека оваа преодна одредба е спротивна на Уставот на Република Македонија што го усвоивме пред неколку месеци за забрана на рекреативното дејство на прописите, затоа што бараш востановување на некој ред од пред 15 години. Јас се согласувам можеби таков ред требало да биде востановен уште тогаш, меѓутоа во што е вината на граѓаните кои што ете не се запишани во таа книга на државјаните. Јас тука не зборувам национална припадност на граѓаните и не сакам воопшто во таа смисла да ме сфатите.

И, конечно да заклучам. Од тие причини и од причината што последно ја спомнав дека се работи според мое убедување за неусогласеност на оваа преодна одредба со важечкиот Устав на Република Македонија, јас го поднесов и амандманот, а намерата како што реков ми беше сосема јасна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор по овој амандман?

Господин Фрчковски, има ли потреба да објасните?

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Прашањето кое го постави господинот Алити е сосема на место и тоа би држело така и тоа би било сосема така да се работи за закон кој е донесен во континуитетот на една држава се носи нов закон за државјанство кои има ваква одредба во преодните и завршните одредби. Тоа би било рекреативно дејство на законот, и би бил во таа смисла против основните уставни одредби. Меѓутоа, состојбата со Македонија не е таква. Таа не беше држава во потполната смисла на зборот каква што е некоја друга држава во европа која го имаше потполно и во целост регулирано своето државјанство на свои граѓани која евентуално би донела нов закон за државјанство кои би содржел ваква одредба која е рушлива точно пред Уставниот суд, туку се јавува еден број на државјани кои се граѓани на Република Македонија и кои живеат тука, но кои то немаат државјанството на Република Македонија, имаат задржано државјнство на другите републики. И тука има нешто што кај сите републики од поранешна Југославија со консензус практично, не со консензус меѓу себе, но како да постои консензус токму се решава тој проблем. Дури на примерот со Словенија, Хрватска тоа ќе биде исто и во идниот закон, не овој актуелниот на Република србија односно СР Југославија практично постои еден вакум кои треба да се премости. Го решаваме со различни рокови од една или од друга причина, меѓутоа истиот проблем го решаваат сите републики, зато што не постои чист континуитет, односно не постои иста состојба, сепак во квалитативна состојба се поминува од една во друга состојба и токму затоа е ваквата одредба на некој начин нужно зло.

Исто така е точно дека постојат три точки, одредби во законот кои го решава стекнувањето на државјанство. Тоа е член 26 во преодните одредби за оние државјани на другите републики кои живеат на територија на Република Македонија, по наше мислење тоа е бенифициран со само еден услов со должина напрестој. Потоа стекнување на државјанство за странци кои се кумулативно седум услови и член 11 кои вели дека државјанство може да се даде на државјани од други републики и без престој од 15 години доколку органот заклучи дека од причини на научна, национална културна и друга природа се значајни такво државјнство да им се даде. Значи постојат три основи по кои може тоа да им се даде.

Ние како Влада сметаме дека овој амандман исто така не треба да се прифати туку треба да остане основното решение.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ**:

Господинот министер ми помогна кога кажа дека навистина нема чист континуитет. Сега господо, дали ние сме биле држава или не сме биле. Според Уставот кој што го изменивме кој што не е во сила викаме дека ова е национална држава на македонскиот народ. Добро, ги нема сите атрибути итн. Меѓута факт е дека ако сме биле држава, а јас имам впечаток дека сме биле држава во една федерација тогаш сме требале да имаме закон за државајнство, а сме го немале. Сега заради тоа што не сме имале ние таков закон ние бараме од другите да ни ги исправаат тие грешки односно со задоцнување , дали 10, дали 15, а некој бараше и 30 и повеќе години да ги исправиме сопствените грешки. Ова прво. И

Второ, во поглед на тоа дали е ова во согласност со Уставните решенија, јас сигурно дека не сум поголем стручњак за уставно право од другите, меѓутиоа јас се надевам дека оваа дискусија ја слушаат луѓе кои што се разбираат повеќе од мене и од Уставот, а се разбира и од Меѓународното право и би сакал да ми биде посочен некој пример кој што бара уредување на односите со 15 години задоцнување и тоа да биде се во ред и се во согласност. Јас во тоа не сум убеден. Во Република Македонија и најеминентни професори по Меѓународно право, јас еве од ова место ги повикувам да ме демантираат јавно и преку средствата за јавно информирање.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас сакам да го демантирам предходниот пратеник дека Македонија имала закон за државјанство, а исто така да го демантирам и Министерот дека постои правен вакум заради што се надоместува со

член 26. Во постоечкиот закон за државјнство секој кој имал живеалиште и навршени 18 години живот можел да добие државјанство ако дошол од друга република, впрочем и амандманот на господинот Абдурахман Алити наведува дека државјани на други републики, они ќе треба да докажат дека предходно биле државјни на други републики па сакаат да станат државјнаи на Република Македонија. И затоа со денот на влегувањето во сила на овој закон секое лице кое е државјанин на Република Македонија, на поранешните републики на СФРЈ и државјанин на СФРЈ со денот на влегувањето во сила на овој закон треба да добие статус на странец, бидејќи теие се државјани на републики кои сега се самостојни држави. Тоа што тие не го извршиле своето право при законското пријавување на престојот, живеалиштето за да примат и републичко државјанство односно државјнство на Република Македонија како што тоа го налага со член 9, тоа е нивна грешка, тоа не е грешка на државата за да сега им ги исправа непреземените мерки и активности на тие граѓани односно лица. Затоа сметам дека воопшто нестанува збор за некој правен вакум или за празнина во законската регулатива и дека сега ние носиме некои против уставни одредби со кои се враќаме ретроактивно 15 години station наназад.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Јас кажав дека со прописите секој кој се населил на оваа територија бил должен да се пријави кај надлежниот орган и да го пријави своето живеалиште односно престој. Во ниту еден пропис нема обврска за граѓанинст да оди на шалтер и да бара прием на државјанство на Република Македонија. Ова мислам дека не е спорно со ниту еден пропис и второ, се работи за повреда на граѓанските права затоа што приемот во државајанство предходниот ден кога дискустиравме за тоа дали нови избори или не, многумина дискутанти дискутираа дека на избори излегуваат само државјаните на Република Македонија. Еј господа ако е така, тогаш ние не можеме пост-фестум да востановиме нови односи зашто така ни одговара. Ако решението од законот од Предлогот се усвои, ќе им дадете шанса на сите оние што поинаку од вас мислат да ги преведат овие прописи што ги усвојува ова Собрание и на германски и на англиски јазик и на незнам кој друг јазик и да фрчат телекси и телефакси по Европа, за да кажат како се востановува демократијата и демократскиот систем во Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, навистина дојде во прашање примена на законот. Приговорот дали оваа одредба има уставна подлога или не на господин Абдурахман може да биде наместо, ако имаше некоја штетна последица за граѓаните. Кога имаме континуитет на закондоавството како и под кои услови се добивало државјанство на Македонија, оваа одредба јас сакав да ве уверам кога зборувам за нужноста од 30 години за

заштита на една државата. Ова е бенифицирана работа за сите оние кои што сакале да добијат државјанство како страни државјани, а досега живееле во една заедница, да можат да се раселуваат на неа, сепак имале државјанство на пооделни републики. Никаде не пишува и никој не е принуден дека државјанството задолжително се издава. Државјанството не е службена работа на органот. Државјанството е волја на граѓанинот, сакање на граѓанинот. Тој одлучува кога и под кои услови стои некое државјанство ке му се приклучи, покрај она што го има по раѓање.

Во овој случај што се случува. Ако има некој да се насели од друга република се решава токму со 26 секогаш а и поранешните закони имале број 26 и се зборува како преодна одредба што треба граѓанинот да направи кој што има за да биде државјанин. Значи пак останува правото на граѓанинот, а не на државата. Господине Абдурахман спомнавте некој шалтер. Никогаш нема официјално, шалтер има официјален само за обврска да платиш. Дали ке имаш некое друго право зависи од тебе. Овдека јас ке го поддржам господин Петров дека се работи за континуитет на законодавство, а кога реков дека ова е автоматизам со проверка само дали имало друго државјанство. И се работи да се докаже дека бил државјанин на друга република. И оваа одредба се однесува само за тие кои живееле порано, па немале намера да бидат државјани на оваа Република, а го имале тоа право, сега да не направиме некои нови создавања и ги подведеме под општите норми, еве за нив, за тие, ке имаме една преодна одредба која ке им дојде да можат да примат државјанство. Според тоа немаме никаква повреда на правото на Уставот. А дали се работи за демократски систем, системот на демократијата е во Уставот. Законот за државјанство реков и секоја држава има закон и не за заштита на една средина, а не да се повредуваат правата на човекот. Затоа што правата на човекот кој што ги има воопшто е едно, а овде волјата на човекот се разликува од правата на човекот. И ве молам немојте да се заблудуваме дека некој ке ни приговори, а, во Македонија се кршат правата на човекот затоа што сакаат на нивната територија да даваат вакви и вакви услови за населување на луѓе од одредени територијално-географско политички средини. И овде ова се однесува само на граѓаните на другите републики на бивша СФРЈ а општите начела ќе бидат запазени и не се повредени. Ова е нов институт и тој нема никакво право да се подведува затоа дали ке има повратно дејство или не повратно дејство ке биде ако некое право го имал па сега му се ускратува и вели оди поназад. Тоа е принципот на ретроактивноста. Овде се создава Закон и ова е норма каде волјата на граѓанинот се надоградува и вели, од овие средини кој сака да биде државјанин на Репбулика Македонија, пак е врзано со сакање, а не со автоматизам, дај ми државјанство.

Другиот дел господине Абдурахмане ке ви одговорам, кога беше дали некој овде зборувал за државјани кога се работело за гласање, право на гласање. Видите што ке ви одговорам, може да гласа, да биде избиран државјанин на Република Македонија. Граѓанинот на Република Македонија има државјанство на Репбулика Македонија. За претседател

на Република Македонија може да биде кандидат избран ако има државјанство на Репбулика Македонија. Што значи, јас зборував баш во прилог на овој член 26 кога зборував, Законот  кога ке дојде, наредниот ден да го усвојуваме и има преодна одредба од една година каде им дава право на одредени граѓани кои што живеат на територијата на оваа Република да поднесат барање да добијат државјанство. Што значи дека оди во корист токму и го има предвид тоа право на тие граѓани. И сметам дека не би требало да одиме во заблуда дека нема уставност. Одредбата  има уставност.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Прво да се изјаснам, мислам дека амандманот на господинот Абдурахман е неприфатлив и правнички е неодржив, бидејќи на начин на кој е формулиран всушност не се решава ни она што тој мислеше дека треба да се реши ако се појде од констатацијата дека државјаните на СФРЈ истовремено биле државјани на СРМ. Тоа не е точно, бидејќи таков автоматизам, бидјеќи постоечкиот закон од 1977 година таква можност не дава. Треба да се прави разлика помеѓу правото на слободен избор на живеалиште кое во рамките на уставно гарантираните права на поранешна СФРЈ постоеле и  тоа граѓаните било да се тоа војни лица или да се по некоја друга логика го користеле и имало одредени  миграции. Меѓутоа прашањето на државјанството не е врзано исклучиво само со местото на живеење. Постоечкиот закон во својот член 9 точно вели дека услов за стекнување на државјанство на Репбулика Македонија односно Социјалистичка Репбулика Македонија, терминот е од порано е местото на живеење и наполнети 18 години, но основен услов е да има барање  за стекнување на државјанство на Репбулика Македонија. Значи за оние лица кои живееле во Република Македонија  како граѓани на СФРЈ и како граѓани на Репбулика Македонија, ако истовремено не побарале прием во државјанство на Република Македонија, не може сега прекутно да им се даде државјанство на Репбулика Маќедонија  тоа е јасно. Значи мораме ние со овој закон во преодните одредби, да санкционираме она што не сакаме да го направиме, а тоа е да не го доведеме граѓанинот кој врз основа на таа федерална заедница и правото на слободно движење на просторот на Републиките бивша Југославија сега да се најде на другата страна да не може да си го регулира статусот односно државјанството. И оттука јас  незнам зашто постојано тврдите дека условите во член 26 не се поволни. Тие се попеволни од условите предвидени со член 7 каде што  е утврдено на кој начин се регулира прашањето на добивање државјанство на странец. Според тоа  ние мораме да сфатиме дека со распаѓањето на Југославија  и тоа по меѓународните конвенции, одредени затекнати состојби, одредени права итн. мора преодно да се санкционираат. и ова е вистина една блага преодна форма која што најлесно не доведува до устројство и евиденција државјанството на Република Македонија. Ако тој живеел 15 години и не побарал според постоечкиот закон државјанство тоа никого не го обврзува да му даде државјанство, бидејќи автоматизам не постои. Прочитајте го членот 9 од постоечкиот закон, точно така стои.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Според мене некои јасни и прости работи ги комплицираме. Факт е дека ниедна република во бивша Југославија не била држава. Тоа била република-држава во рамките на Југославија. Така е и со Македонија. Да беше држава јас во странство досега не ќе патував со пасош на СФРЈ. И не ке беа сега овие пречки со Германија овие денови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тука е еден спор сколастичен. Како не била држава. Има државјанство, има Закон за државјанство. Тоа е расправено со Законот.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Расправаме за закон што се однесува за граѓани, меѓу-тоа, навистина ние веќе кога излегуваме на говорница како да претставуваме националности. Јас морам да ви кажам дека јас немам државјанство, македонско. И секогаш кога сум пополнувал разни листови сум пополнувал СФРЈ. Така што ако ние го прифатиме ова што е во оваа одредба, тогаш првиот проблем би требало да почне од мене. Ги прашав сега набрзина некои пратеници кои беа домене, и тие исто така ми рекоа дека немаат државјанство македонско.

Па уште малку се прашувам тие 15 години за што никогаш, никогаш не читав и никогаш никој не ми рече дека треба да имаш државјанство македонско. Кога јас неуспеав да дознаам дека треба да имам македонско државјанство, што граѓаните кои сигурно, а има граѓани кои биле помалку информирани од мене. Па затоа јас мислам дека држи амандманот на господинот Халити и доста добро го објасни и без предрасуди без претпоставки, меѓутоа, пак испаѓа дека не се прифаќа. Сите овие други образложенија што немаат поткрепа, дури имаше повик и до еминентни, а овие што излегоа после него незнам дали беа толку еминентни.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа,основното правило кај господин Исмет остана неразјаснето, дали човекот од некомпетентност не го знае во животот вели незнаеме закони. Ако господинот Исмет не го знаел законот никој со тоа не го оправдува. А и тие други ако работеле па не го знаеле законот и нив не ги оправдува. Што значи имало и органи кои не го знаеле законот и Исмет не го знаел законот а еве сега правиме закн и ке го применуваме.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас прво да кажам дека ниеден граѓанин не е должен да ги знае законите. Впрочем и господинот Стојановски, е дипломиран правник и адвокат и не ги знае законите и не е возможно да се знаат сите закони и сите членови. Ние и како Југославија и сега како Македонија

сме толку нормативизирани, до детаљи сме ги решиле прашањата со закони па човек и компјутер да биде не може да ги знае.

Второ околу прашањето дали Македонија е континуитет на една држава и дали беше држава. Јас исто така поаѓам од становиштето кое го изнесе овде и претседателто на Собранието дека Македонија беше држава и е држава и сега постои само една трансформација од еден вид на уредување во друг вид од република во рамките на една федеративна земја во самостојна држава. Тоа е точно. Меѓутоа, проблемот што се постави овде од господинот Халити беше оправдан од страна на претставникот на Владата дека тоа точно би било така во случај да не се работи за квалитативно нови решенија односно за еден дисконтинуитет за изградбата на државата од една република во еден друг вид на држава. Ако е така, а јас сметам дека Македонија го продолжува континуитетот и во правна смисла однсоно во правниот систем, зашто постоечките закони остануваат да важат и понатаму. Дури и сојузните закони кои што не се во спротивност со уставот на Репбулика Македонија, Реубулика Македонија ги презеде како свои. И само оние кои што се во спротивност со Уставот Република Македонија нема да ги признава однсоно тие немаат снага во Република Македонија.

Поаѓајќи од таквото становиште, тогаш сосема е оправдан амандманот на господин Халити. Впрочем, смислата на тој амандман е само следново со оглед на тоа дека со позитивните прописи на Репбулика Македонија и СФРЈ, граѓанинот кој доаѓаше од друга република не беше приморан да побара и државјанство во Републиката каде се населува, остануваше со државјанството на Републиката од која доаѓа. И со оглед на тоа дека сега Македонија ке трансформира во една поинаква држава, ние ставаме нормативни акти со кои го приморуваме граѓанинот да побара државјанство на Република Македонија. Дотука сме чисти. Меѓутоа, тука е спорот. Спорот е во следното што ние ретроактивно сакаме да ги регулираме некои прашања и бараме 15 години граѓанинот да бил пријавен овде односно согласно законските одредби да престојувал во Репбулика Македонија. И сосема погрешно овде некои правници се обидуваат да го објаснат прашањето на член 26 став 3 дека ова е олеснителна околност со оглед на тоа дека на граѓаните кои досега не побарале државјанство еве сега ние им овозможуваме. Точно е. Што правиме со граѓани што немаат овде 15 години престој. Значи ги упатуваме на член 7 да постапуваат исто така граѓани странци, односно недржавјани од бивша СФРЈ. Значи во тој случај, овие граѓани од 15 години наваму ги ставаме во иста положба со странците. Господинот Стојановски еве вели да. Дали така беше до вчера? До вчера секој хрват можеше да доаѓа овде и немаше потреба да бара државјанство или македонец да оди во Хрватска без потреба да бара државјанство. Само ке го регулираше прашањето на живеалиштето и проблемот ке беше решен. Со оглед на тоа дека имавме такви односи, токму во корист на тоа да не ги обесправуваме граѓаните, во таа смисла оди и во тој дух амандманот на господин Халити. Сметам дека е сосема оправдано со оглед на тоа што без вина на тие граѓани, Македонија, како и другите републики се претвараат

во самостојни држави без нивна вина и во духот на тоа да не ги оштетиме тие граѓани, би требало да се прифати амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Во ова мое вклучување, на крајот запишав дека ќе барам извинување ако нешто погрешам. Но, ќе се обидам само нешто да објаснам за она што некогаш сум го спроведувал односно извршувал една извесна функција околу издаваше одобренија за работа. За што станува збор?

Во објаснувањата и напатствијата што ги добивавме за издавање на одобренија во периодот од 1986 до 1988 година, за работа, морам да кажам дека тоа беа првите чекори на либерализација на приватната иницијатива, од Секретаријатот за организација и управа при тогашната Социјалистичка Република Македонија, дека уверение за државјанство не треба да се бара, согласно одредбите на Законот за државната управа. Се објаснуваше дека со самото поседување на лична карта за државјанин на СФРЈ, претставува имање на државјанство во случајот на СФРЈ.

Оттука, сметам дека амандманот е умесен и прифатлив.

Уште повеќе, затоа што кога јас лично ги потпишував и издавав тие уверенија, во ниту еден случај не поставувавме спротивно. Токму тогаш ни беше укажано дека не треба така да се постапува. И, сега, доаѓаме до една работа за која мислам дека е, сигурно сите ќе се убедите дека е неприфатливо така, како што е основното решение.

Да бараме сега за тоа што не сме барале. Зошто се виновни? Ако ние тогаш укажувавме, еве конкретно јас, кој го спроведував законот, ако укажувавме на луѓето дека треба да сте државјани на СРМ, сигурно луѓето ќе го добиваа тоа државјаргтво. Но, ние тоа не им укажувавме. тврдам дека ќе ги најдам тие напаствија што тогаш се издаваа и ќе се уверите дека така беше. Јас мислам дека ако направивме Република Македонија не значи сега да ја осудиме Социјалистичка Република Македонија. Во никој случај. Не мислам дека тоа некој го мисли.

Заради тоа мислам дека амандманот е прифатлив и не треба многу, па на крајот на краиштата, ајде да кажам и тоа, ајде еднаш нека помине еден амандман на ПДП, што не бил случај до сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте така да спориме за континуитет. К.онтинуитетот зафаќа и граници и друго. Континуитетот постои. Таа е држава. Постои континуитет, но постои и нов квалитет.

За збор се јави господин Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека се кажаа повеќе работи кои веројатно немаше причина во оваа прилика да се кажаа, од причина што членот 26 има чиста политичка димензија и тежина и не е проблем само во Република Македонија, туку е проблем во сите поранешни републики на СФРЈ.

Се поставува прашањето дали ќе донесеме закон кој помалку ќе биде оспорен од меѓународната заедница или тоа ќе биде демократски закон според европските димензии каде помалку ќе има забелешки?

Јас сакам да ве уверам дека, доколку погрешиме, најверојатно ќе го менуваме членот 2 6 и ќе го усогласиме, веројатно со, врз основа на Договорот кој Република Македонија ќе го направи со Меѓународната арбитража, како за повеќето проблеми што ќе ги имаме од поранешното живеење на Југославија и за оваа одредба односно за проблемот на регулирањето на државјанството на поранешните граѓани, државјани на СФРЈ.

Затоа сметам дека и кога би бил прифатен, што е за мене прифатливо, амандманот на господин Халити, нема да се направи никаква грешка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (22)

Бидејќи за амандманот гласаа само 22 пратеници, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26, став 3, поднесен од пратеникот Абдурахман Халити.

Со ова, за денес прекинуваме со работа и продолжувањето на седницата го закажувам за 19 мај 1992 година во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,15 часот.)